Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-30/8**

**Дата: 27.03.2018**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на основен буџет (637), за 2016 година.

Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2016 година, а за активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изрази неповолно мислење.

Извршена е ревизија за 2011 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на основен буџет (637) во кој е изразено мислење со резерва. Во февруари 2013 година извршена е ревизија на спроведување на препораките со што е констатирано дека за истите делумно се преземени активности.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Карпош, сметка на основен буџет (637), за 2016 година е констатирано следното:

- Изградбата на административниот објект на општината, која е започната во 2011 година и е во тек, се врши врз основа на изменет проект без одобрение од Советот на општината, како и без изменето одобрение за градба, истата не е предвидена како развојна програма иако градбата е повеќегодишна, спроведени се поголем број на постапки за јавни набавки, за кои се обезбедуваат средства на годишно ниво од несоодветна програма, воспоставено е заложно право на деловен објект (идна градба) и заложно право на земјиште под долготраен закуп за одредена намена, кај деловна банка за одобрување на долгорочен кредит, иако заложното право е без обезбедена согласност од

Министерството за транспорт и врски и Државното правобранителство на РМ.

- Извршено е намалување на површината на градежно земјиште, со засновано право на долготраен закуп со непосредна спогодба, на име на општината, за кое не е обезбедена согласност од Советот и нема позитивно мислење од Државното правобранителство на РМ.
- Исплатени се средства за рекреација на вработените, медиумски закуп, монтажа и демонтажа на урбана опрема за организирање на манифестации, музички настап и концерти на естрадни уметници од земјата и странство, адвокатски услуги, за кои за дел се приложени фактури врз основа на склучени договори од минати години, чие времетраење е до исполнување на обврските односно до вкупната вредност на договорот, а за дел не е обезбедена соодветна документација за потврда на потрошените средства.
- Исплатени се средства за привремено ангажирани лица за вршење на административни работи и за одржување на јавна чистота, чиј број го надминува и бројот на редовно вработените во општината, без да се направи анализа врз основа на која ќе се утврди реалната потреба од нивно ангажирање, како и без донесена соодветна програма со која ќе се утврди видот и обемот на работите за кои се потребни овие лица, начинот на постапка и критериумите за избор, висината на месечен надомест, периодот на ангажирање, надзорот, и сл.
- Исплатени се средства, врз основа на решенија за реализација на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита и културата, за кои се доставени извештаи со опис на реализираните активности но без финансиски податоци и пропратна документација за потврда на потрошените средства, а за дел не се предвидени средства во годишните програми, како и се вршат исплати по решенија од минати години за кои не се обезбедени средства од буџетот на општината во 2016 година.
- Исплатени се средства на спортски клубови врз основа на решенија за одобрени средства во вид на финансиска поддршка, спонзорство или материјална поддршка за реализација на проекти, за кои се доставени извештаи без финансиски податоци и пропратна документација за потврда на потрошените средства за донацијата или спонзорството не се склучува договор и не се изготвува извештај до надлежните институции, не се води помошна евиденција на издадени решенија и се вршат исплати по решенија од минати години од буџетот на општината за 2016 година.
- Во периодот од 2013 заклучно со септември 2017 година, врз основа на донесени решенија за финансиска поддршка на кошаркарски клуб, исплатени се средства во значителен износ, заради промовирање на општината преку настапување на клубот на званични меѓународни

кошаркарски натпревари, кој што спортски клуб, од март 2015 година, е пререгистриран во акционерско друштво, по истекот на законскиот рок, чии основачи се физичко лице и Општина Карпош, а основачкиот влог не е евидентиран во деловните книги на општината.

- Не е извршен целосен и квалитетен попис на средствата и обврските, а се однесува на имотот со кој располага општината, како што се: земјиште, градежни објекти, материјални средства во подготовка (инвестиции во тек) и обврските кои се преземени, односно истиот се заснова на сметководствените податоци искажани во деловните книги, а за вонбилансната евиденција која произлегува од капитални вложувања, воопшто не е извршен попис со години наназад.
- За дел од недвижниот имот (земјиште и објекти) не е запишано правото на сопственост, а за дел од објектите и земјиштето во целост за кои има документ не се евидентирани или несоодветно се евидентирани, во деловните книги на општината.
- Изградбата на бараките во кои е сместена општинската администрација, е извршена без да се обезбеди одобрение за градење и одлука од Советот, при што има и непризнаени и неевидентирани обврски за изградбата за кои се водат два судски спора кои не се завршени, а бараките се користат и се во употреба, од март 2013 година.
- Преземени се активности за реконструкција на фасадите на одделни колективни станбени објекти и замена на стари со нови кровови и лифтови, почнувајќи од 2012 година, за што се потрошени значителен обем на средства од годишните буџети на општината преку несоодветна програма и ставка.
- Извршени се плаќања по судски решенија од буџетот на општината, врз основа на извршни исправи, од кои најчесто се добиени налози за извршување од извршител за присилна наплата од средствата на должникот за што општината, покрај исплатата на главниот долг е задолжена и плаќа камата и останати трошоци (адвокатски, нотарски и трошоци за извршител).
- Обврските за ДДВ од страна на општината како даночен обврзник не се измирувани согласно пропишаниот законски рок односно дел од обврските за ДДВ искажани во даночните пријави се ненавремено платени, поради што општината има потрошено дополнителни средства за камата и еднократна посебна такса согласно законските прописи.
- Средствата добиени од деловна банка во вид на долгорочен кредит не се искористени за намената за која се одобрени за финансирање на нов Проект за реализација на активности во надлежност на општината, односно истите се целосно потрошени во 2015 година, за плаќање на заостанати неизмирени обврски од минати години (2011, 2012,...).
- Во планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки констатирани се случаи на зголемен број на поединечни

постапки, со што се врши делење на договорите за јавни набавки на повеќе посебни договори со пониска вредност и не се спроведува соодветна постапка согласно законот.

Во делот - Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ја истакна состојбата со финансиската задолженост на општината, во подолг временски период во значителна мера (обем), што се должи на преземени краткорочни и долгорочни обврски во изминатиот период, кои секоја година се зголемуваат, така што со состојба на 31.12.2016 година, достигнувааат вредност до ½ од реализираните (остварени) приходи на основниот буџет за 2016 година, на која што состојба се додаваат и потенцијалните дополнителни обврски по судски предмети, во која општината е тужена страна, со што постои ризик од финансиска нестабилност на општината.

Во делот - Останати прашања, ги обелоденивме состојбите кои се однесуваат на системски слабости, во постојните законски прописи, односно начинот на финансирање на активностите од областа на спортот од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите кои ги имаат општините во градот Скопје, донесување на посебна програма и нејзино финансирање од буџетот на општината.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Од страна на одговорното лице на Општина Карпош, за годината – предмет на ревизија, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, по кои е одлучено дека забелешката на точка 4.1.5. алинеја 6, се прифаќа, а забелешките на констатираните состојби во одделни алинеи на точка 4.1.1, 4.1.2, 4.1.3, 4.1.4, 4.1.5, 4.1.7, 4.2.3, 4.3.2, 4.3.5, 4.3.6, и 6.1, не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби во извештајот.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна од 53 до 55 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на основен буџет (637), за 2016 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2016 година, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2011 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на основен буџет (637) во кој е изразено мислење со резерва.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Стевчо Јакимовски, градоначалник на Општина Карпош, од 2009 година до денот на ревизија.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на користените сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Заради прашањата опишани во точка 4 – Наоди и препораки, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.06. до 24.11.2017 година, со прекин за време на годишните одмори, кај Општина Карпош, од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2013 година, извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Карпош, сметка на основен буџет (637), број 29 – 160/1 од 19.11.2012 година, за што е изготвен преглед за статусот на препораките доставен до раководителот на субјектот. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека за истите се преземени активности.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 06.12.2017 година.

На ден 09.03.2018 година, од страна на одговорното лице за годината – предмет на ревизија, примени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, број 12-30/6 од 13.03.2018 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека забелешката на точка 4.1.5. алинеја 6, се прифаќа, поради доставен дополнителен доказ, за што е извршена соодветна корекција во текстот од овој извештај, а останатите забелешки на одделни алинеи во точка во одделни алинеи на точка 4.1.1, 4.1.2, 4.1.3, 4.1.4, 4.1.5, 4.1.7, 4.2.3, 4.3.2, 4.3.5, 4.3.6, и 6.1, не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби во извештајот.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

## 4.1 Усогласеност со закони и прописи

4.1.1 Изградбата на административниот објект на Општина Карпош е евидентирана во деловните книги на инвестиции во тек, чија вредност со состојба на 31.12.2016 година изнесува 136.005 илјади денари, а до денот на ревизијата изнесува 170.849 илјади денари. Со ревизијата се утврдени следните состојби, и тоа:

- Во 2009 година, склучен е договор помеѓу Министерството за транспорт и врски и Општина Карпош, за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште, со непосредна спогодба, со право на закуп во времетраење од 99 години, без надоместок, со намена за изградба на административна зграда на КП 1673/3, во површина од 2.172 м2, евидентирана во ИЛ бр. 46104 КО Карпош. Согласно договорот, Општина Карпош има обврска да ја изгради градбата во рок од две години, кој што рок е продолжен на 10 години, согласно одредбите во Законот за градење. Во февруари 2015 година склучен е анекс договор, за што МТВ има добиено согласност од Државното правобранителство на РМ, во 2015 година. Од друга страна, со Решението за пренесување на сопственост на недвижен имот од РМ на Општина Карпош по делбен биланс од 2000 година е предвидено недвижниот имот во кој влегува и објект - бараки на општината со вкупна површина од 2.597 м2 и двор од 4.110 м2, во ИЛ 4917, КП 1673 и 1677/3, на кое што се гради административната зграда, треба да се изврши пренос на правото на сопственост од РМ на Општина Карпош.
- Во 2011 година, Советот има донесено Одлука за изградба на административен објект од приземје и три ката и поткровје (П+3+Пк) со вкупна површина од 4200 $м^2$ и подземни паркинзи со вкупна површина од околу 4000 $м^2$, заведена под бр. 07-6412/5 од 31.08.2011 година. Составен дел на одлуката, е основниот проект за изградба на административен објект за Општина Карпош.
- Во 2011 година добиено е одобрение за градба, бр. 20 Уп-1403/7 од 28.10.2011 година од МТВ, со кое инвеститорот е должен да гради согласно основниот проект, а доколку има измена на проектот во тој случај инвеститорот е должен веднаш да поднесе барање со документација за истото до МТВ. Пред да се почне градбата, направена е измена на проектот за што со економскиот оператор, кој го има изработено основниот проект, има склучено анекс на договор. За измените во градбата, не добивме уверување дека МТВ има донесено решение за измени во тек на изградба, со што не е постапено по член 69 од Законот за градење. Исто така, за измените во тек на градба не добивме уверување дека Советот, одлучил за истите односно не е донесена измена

на член 5 од Одлуката за изградба на административен објект, со кој ќе се внесе изменетиот проект.

Во периодот од 2012 до 2016 година, во Општина Карпош се спроведени повеќе постапки за јавни набавки, во врска со изградбата на административниот објект, кои не се базираат на позициите предвидени во основниот проект. Имено, со извршен увид во техничките спецификации во прилог на неколку поединечни договори, со ревизијата се констатира следното:

- Во постапката бр. 55/2012 за изградба на административен објект на Општина Карпош - градежен дел, со вредност на договор во износ од 72.963 илјади денари, техничката спецификација во прилог на договорот е усогласена по позиции со предмерот од основниот проект, но има намалени количини од количините предвидени со основниот проект.
- Исто така, во постапките за јавни набавки, подолу наведени, ревизијата не се увери дека позициите во техничките спецификации, во прилог на договорите, се предвидени како позициии во основниот проект за градба, и тоа:
  - Постапка за јавна набавка - Надворешно обликување и изведба на внатрешно градежно-занатски работи на општинско административна зграда – прва фаза, со вредност во износ од 47.413 илјади денари по оглас бр.35/2014.
  - Постапка за јавна набавка - Надворешно обликување и изведба на внатрешно градежно-занатски работи на општинско административна зграда – втора фаза, со вредност во износ од 34.595 илјади денари по оглас бр. 35/2014.
  - Постапка за јавна набавка - Изведба на машински термотехнички инсталации, слабострујни инсталации, јакострујни инсталации и лимарски работи во нов административен објект на Општина Карпош, со вредност во износ од 28.876 илјади денари по оглас бр. 101/2015.
- Во двата договори склучени по спроведената постапка бр. 35/2014, во делот начин, услови и рокови за плаќање е предвидено дека рокот за плаќање е до 36 месеци. Со ревизијата утврдивме дека, иако обврските не се доспеани, односно не е доспеан рокот од 36 месеци, обврските кон економскиот оператор се подмирени со потпишување на неколку договори за цесии кои во најголем дел се платени, наспроти доспеани обврски кои се плаќаат ненавремено за кои субјектот влегува во спор и плаќа дополнително законски затезни камати и други трошоци;
- Изградбата на административнот објект не е предвидена како развојна програма иако градбата е повеќегодишна односно средствата за изградба се предвидуваат во годишните програми за уредување на градежното земјиште – Ф2, наместо во програмата ЕА – капитални расходи на општината.

- Не се доставуваат информации до Советот за динамиката на спроведувањето на активностите поврзани со изградбата на административниот објект како што е предвидено со член 4 од Одлуката на Советот на Општина Карпош.
- Воспоставено е заложно право на деловен објект (идна градба) и заложно право на земјиштето каде се гради административниот објект од страна на деловна банка за обезбедување на договорот за одобрување на долгорочен кредит. Имено, Советот дава согласност за упис на заложно право за деловен објект (идна градба) на КП 1673/3 со вкупна површина од 5.661м$^2$, евидентирана на Лист за предбележење на градба бр. 79261 КО Карпош и право на долготраен закуп врз земјиште како и сите останати права поврзани со земјиште на КП 1673/3 евидентирани на ИЛ бр. 47864 КО Карпош, согласно договор за засновање на долготраен закуп со Одлука на Советот на Општина Карпош бр. 07-9210/4 од 30.12.2014 година. Истовремено, упишано е заложно право без согласност од МТВ и државно правобранителство, со оглед на тоа дека долгорочниот закуп е поврзан со изградба на објект и доколку не се изгради објектот или пак не се почитуваат роковите за градба договорот може еднострано да се раскине поради што, додека не се изгради објектот, кој е услов за долготрајниот закуп, не може да се располага со земјиштето.

Од погоренаведените состојби може да се констатира дека изградбата на административен објект на локална самоуправа, врз основа на проект без одобрение од Советот на општината, како и без изменето одобрение за градба не е во согласност со Законот за градење и Одлуката за изградба на административен објект. Одлуката на Советот за ставање под хипотека на административниот објект во градба не е согласно член 18-а од Законот за финансирање на ЕЛС каде е уредено дека општината при обезбедување на задолжување не може да воспостави заложно право врз имот, кој служи за вршење на дејности од јавен интерес утврдени со закон. Исто така, со истата Одлука се става под хипотека земјиште за кое долгрочниот закуп се пренесува на Општина Карпош во моментот на изградба на објектот, односно упишано е заложно право без согласност од МТВ и државно правобранителство, кои се надлежни за правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија, согласно член 12 од Законот за државно правобранителство. Од погоренаведените причини одлуката за ставање под хипотека на земјиштето не е во согласност со Законот за градежно земјиште и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

**Препорака**

Органите на Општина Карпош да преземат мерки и активности во насока на

одобрување на дополнет основен проект врз основа на фактичката состојба, добивање на одобрение за градење, согласно ваквиот дополнет проект и добивање на писмена согласност за ставањето под хипотека на земјиштето на кое се гради објектот, како обезбедување на задолжувањето по договорот за одобрен долгорочен кредит со деловна банка.

4.1.2 Во извештајот за извршен попис на средствата, изворите на средства, побарувањата и обврските на Општина Карпош со состојба на 31.12.2016, комисијата утврдила дека двете бараки кои не постојат поради изградба на нов училишен објект во приватна сопственост, Општина Карпош го продала земјиштето на приватно училиште, поради што комисијата предлага овие објекти да се стават во расход, а потоа да се отпишат од книгата за основни средства со Одлука од Советот. Кон извештајот, приложена е пописна листа на градежни објекти (прилог 7), со копија од договорот за отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање. Врз основа на Одлука за отпис на основни средства по извршен попис за 2016 година, донесена од Советот на Општина Карпош, се бришат од евиденција двете бараки, од градежни објекти, кои се наоѓале во кругот на ООУ Јан Амос Коменски, КП 3408. Со извршен увид во документацијата за недвижниот имот на ООУ Јан Амос Коменски, како и документацијата во врска со продажбата на градежното земјиште, ревизијата ја констатира следната состојба:

- Во 2008 година, склучен е договор помеѓу РМ претставувано од МТВ и Општина Карпош, за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште, со непосредна спогодба, во времетраење од 99 години, со намена за изградба на објект спортско-рекреативни содржини во дворот на ОУ Јан Амос Коменски, кое претставува КП 3408 КО Карпош, во површина од 24.016 м$^2$, евидентирано во ИЛ бр. 46207, согласно извод од ДУП.
- Во ноември 2012 година, склучен е анекс на договорот за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба, со кој се менува парцелата од КП 3408 во КП 3408/2 и површината од 24.016 м$^2$ се намалува на 13.586м$^2$, односно земјиштето со површина од 10.430 м$^2$, од Општина Карпош се враќа на РМ, со новоформирана парцела со КП 3408/1.
- За склучениот анекс, кој е солемнизиран со ОДУ бр.715/12, ревизијата не се увери дека има позитивно мислење од Државно правобранителство, иако за измена и дополна на договорот за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, со анекс договор, е потребно, согласно член 76 алинеја 3 од Законот за градежно земјиште, претходно да се обезбеди позитивно мислење од Државното правобранителство на Република Македонија.
- Исто така, ревизијата не се увери дека Советот на Општина Карпош има донесено Одлука за намалување на површината на земјиштето иако

согласно член 36 т. 10 од ЗЛС, Советот на Општината одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината.

- Во декември 2012 година, од причина што со анексот намалената површина се враќа во сопственост на РМ, Владата на РМ носи Одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ, со која Општина Карпош е задолжена да спроведе постапка за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ, со јавно наддавање, на КП 3408/1, КО Карпош, со површина 10.430 $м^2$ евидентирана на ИЛ бр.56583. Во одлуката е наведена согласноста од МОН, со кое се откажала од потребата за изградба на објект од јавен интерес, утврден со закон.
- Во периодот од декември 2012 до јуни 2013 година, од страна на Општина Карпош спроведена е постапка за отуѓување на градежното земјиште, по што склучен е договор во јули 2013 година, помеѓу РМ преку Општина Карпош и приватното средно училиште, за оттуѓување на градежно неизградено земјиште со јавно надавање по цена од 9.500 денари по $м^2$, односно вкупно постигната цена од 99.085 илјади денари.

Погоре наведената состојба има за ефект намалена парцела на градежното земјиште во кругот на ОУ Јан Амос Коменски за 10.430 $м^2$, поради склучен анекс на договор, за кој не е обезбедена согласност од Советот на Општина Карпош и нема обезбедено позитивно мислење од Државно правобранителство, како што е предвидено со член 36 од ЗЛС и член 76 од Законот за градежно земјиште.

**Препорака**

Органите на Општина Карпош да преземат мерки за преиспитување на одговорност за настанатиот случај со имотот на општината и Советот да одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината, како што е уредено со Законот за локална самоуправа.

4.1.3 Во текот на 2016 година од ставката Договорни услуги, исплатени се средства во вкупен износ од 21.676 илјади денари, по различни основи, како што се: изнајмување на деловен простор, банкарски и осигурителни услуги, судски и правни услуги, здравствени услуги, услуги за животна средина и планирање и други договорни услуги. Со извршен увид и анализа на документацијата поврзана со исплатата на средства, врз основа на избран примерок, се констатирани следните неправилности:

- Исплатени се средства за закуп на деловен простор – магацин, во 2016 година во износ од 1.554 илјади денари, наместо 247 илјади денари односно потрошени се средства во поголем износ за 1.307 илјади денари, од причина што согласно склучените анекс договори извршено е намалување на површината што се користи во 2015 и 2016 година, од 472

м2 на 150 $м^2$, со што се намалува и закупнината што треба да се плати на закуподавачот.

- Во 2016 година, исплатени се средства за рекреација на вработените од Општина Карпош во вкупен износ од 639 илјади денари, по склучени договори во 2015 и 2016 година за закуп на одделни содржини (аеробик центар, фитнес центар, пливачки базен и сауна) со спортски центар и нивно користење од страна на вработените на општината, за што се примени и платени фактури во вкупен износ од 1.572 илјади денари, во текот на 2015, 2016 и 2017 година. По договорот од 2015 година, фактурирано е паушално на првичното пријавување на вработените, кои се ставени во договорот без разлика колкав број од нив користеле ваков вид на рекреација. По договорот од 2016 година, фактурирано е врз основа на списоци на вработените кои ги користеле содржините предвидени во договорот.
- Во 2016 година, исплатени се средства по фактура од 2015 година за медиумски закуп за потребите на Општина Карпош, (билборди, веб банери и радиостаници), во износ од 358 илјади денари, од средства на буџетот на општината во 2016 година, кој што е планиран за покривање на расходи за други намени врз основа на донесени програми на годишно ниво, односно за 2016 година.
- Исплатени се средства во износ од 240 илјади денари, по фактури врз основа на склучен договор во 2013 година, за изнајмување, транспорт, монтажа и демонтажа на урбана опрема, (за организирање и одржување на манифестации) на износ од 5.000 илјади денари. Договорот не се склучува како едно или повеќе годишен односно времетраење на истиот е до исполнување на обврските на двете договорни страни, кој што `сеуште е активен, односно се реализира. На ваков начин е овозможено на фирмата – добавувач да ги врши услугите повеќе години station наназад, без да се спроведува јавна набавка и тендер за ваков вид на услуги во Општина Карпош, што не е во согласност со одредбите од ЗЈН. Во периодот од 2013 заклучно со јуни 2017 година, по овој договор, примени и евидентирани се фактури за извршени услуги, во вкупен износ од 3.837 илјади денари.
- Исплатени се средства на адвокатско друштво, во вкупен износ од 588 илјади денари по фактури од 2014, 2015 и две фактури од 2016 година без прилог на пропратна документација за извршените услуги. Имено, во период од 2014 заклучно со декември 2016 година, по склучени договори, од 2013, 2014 и 2015 година, за вршење на адвокатски услуги (правни и советодавни), вкупно се исплатени средства, во износ од 1.031 илјади денари, врз основа на фактури, со договорен месечен надомест од по 29 илјади денари.
- Исплатени се средства во износ од 1.405 илјади денари, за дел од фактура од 2015 година, врз основа на склучен договор во септември 2014 година,

за отстранување на бесправно изградени градби на територија на Општина Карпош. Според договорот, времетраењето на истиот, е до исполнување на обврските на двете договорни страни, односно до вкупната вредност на договорот со што е овозможено на фирмата – добавувач да ги врши услугите повеќе години наназад, без да се спроведува јавна набавка и тендер за ваков вид на услуги, што не е во согласност со одредбите од ЗЈН (нетранспарентност и неконкурентност). Во периодот од јуни 2015 заклучно со мај 2016 година, по овој договор, примени и евидентирани се фактури за извршени услуги, во вкупен износ од 3.498 илјади денари.

Ревизијата констатира дека во 2016 година се потрошени средства за музички настап и концерти на естрадни уметници од земјата и странство во вкупен износ од 1.788 илјади денари, овие средства се однесуваат на:

- Исплатени средства за учество во изведба на естрадна музика (музички концерт) на двајца естрадни уметници од земјата и еден од странство, преку Македонска авторска агенција и фирма за продукција, во вкупен износ од 1.133 илјади денари, по повод прославата на годишнината на Општина Карпош, согласно т. 1.3. од Програмата, во која се предвидени активности, опишани во 9 точки, со планирани финансиски средства од буџетот на општината за 2016 година во вкупен износ од 4.000 илјади денари, но без планирани средства и трошоци за пооделните видови на активности. Во Извештајот даден е опис на реализираните активности, меѓутоа без финансиски податоци за потрошени средства за секоја поединечна активност, поради што не е можно да се изврши споредба дали потрошените финансиски средства се во рамките на планираните.
- Исплатени средства за музички настап на естрадна звезда од странство и организирање на концерт од музички бенд од земјата преку фирма за продукција во вкупен износ од 655 илјади денари по повод манифестацијата „Ем умеам, ем можам“ согласно т. 1. од Програмата за активности од областа на развојот на општината за 2016 година, со планирани финансиски средства во износ од 900 илјади денари, во кој се вклучени поголем број на трошоци, како што се: монтажа и демонтажа на штандови, бина и чадори, рекламен материјал, ангажирање на водител, ангажирање на естрадни уметници, реклама и промоција на целата манифестација, без поединечни планирани средства. Во извештајот, даден е опис на реализираните активности, согласно програмата, меѓутоа без финансиски податоци за потрошените средства за поединечните активности во 2016 година.

Врз основа на напред наведеното, ревизијата неможеше да се увери во наменското трошење на средства, предвидени во активности на програмите по повод прославата на годишнината на општината и програмата од областа

на развој на на општината за 2016 година, за кои се доставени извештаи без финансиски податоци и пропратна документација за потврда на потрошените средства, а дел се и ненаменски потрошени со што не е постапено согласно член 37-в став 1, 2 и 3 од Законот за буџетите, член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 26 од ЗФЕЛС.

4.1.4 Општина Карпош во подолг временски период, од 2011 година до денот на ревизијата, континуирано ангажира значителен број на лица преку агенциите за привремени вработувања за вршење на административни работи и за одржување на јавна чистота на територијата на општината. Со извршениот увид и анализа на документацијата на потрошените средства за привремени вработувања во 2016 година, се констатира следното:

- Во текот на 2016 година, спроведени се три постапки за јавна набавка на услуги од Агенција за привремени вработувања и има склучено три договори за јавна набавка со ист понудувач, во вкупен износ од 7.800 илјади денари, со што општината извршила делење на договорите за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност, што не е во согласност со членовите 2 и 27 од Законот за јавни набавки. По договорите за извршената услуга се плаќа провизија од 7 % на месечната бруто плата по отстапен работник.
- Отстапувањето на вработените се врши врз основа на склучени месечни договори за отстапување на работници со агенцијата, во кои не се наведени податоци за отстапените работници поради што ревизијата не можеше да ги провери податоците од договорите и податоците од месечните извештаи за привремените работници. Во прилог на фактурите се содржани списоци со податоци за отстапените вработени, како и нивниот број.
- Советот има донесено Програма за комунални дејности за 2016 година-потпрограма Јавна чистота, во која се предвидени средства во износ од 22.000 илјади денари, меѓутоа нема донесено Програма за јавни работи со која ќе се утврди обемот и видот на јавните работи, постапка и критериуми за ангажирање на лицата, надзор над извршување на работите, висината на месечниот надомест за ангажираните лица, период за кој би се ангажирале лицата, и сл.
- Во текот на 2016 година во Општината биле ангажирани вкупно 284 работници за вршење на работни задачи во општинската администрација и за одржување на јавна чистота (176 лица во општинската администрација и 108 лица за одржување на јавната чистота). За нивното ангажирање се потрошени средства од буџетот на општината за 2016 година во вкупен износ од 54.309 илјади денари, што претставува 8% од вкупните расходи на основниот буџет. При тоа, средствата во износ од 34.210 илјади денари се исплатени од програма –

општинска администрација, а средствата во износ од 20.099 илјади денари се исплатени од програма за јавна чистота.

- Со ревизијата се констатира дека бројот на привремено ангажираните работници е поголем од бројот на редовно вработените во општината (177 лица) за 107 лица, а исплатените средства за нивно ангажирање во 2016 година се поголеми од средствата за нето плати со персонален данок од доход за редовно вработените (51.240 илјади денари) за 3.069 илјади денари.
- Отстапувањето на привремено ангажираните лица не е во согласност со член 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања каде е утврдено дека привремено се ангажираат работници во следните случаи: замена на привремено отсутен работник; привремено зголемен обем на работа; сезонска работа; работа на проект; специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот корисник и непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот корисник. Постојат случаи кога привремено ангажираните работници се ангажирани подолго од една година на исти работни задачи, што не е во согласност со член 4 став 3 од Законот за агенциите за привремени вработувања.
- Исто така, постојат случаи во кои привремените работници се распоредени на работни места кои не се систематизирани, што не е во согласност со член 4 од Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација во Општина Карпош и се наградувани без донесен интерен акт за начин и постапка што не е во согласност со одредбите од Законот за работните односи.
- Воспоставената електронска евиденција на полното работно време во поголем период од годината, била неисправна, а евидентните листи за присуство не содржат податоци за почеток и завршување на работното време, поради што ревизијата не можеше да се увери во редовноста и присуството на вработените, а со тоа и на привремено ангажираните работници.
- Општина Карпош, не преземала мерки и активности за вработување на неопределено време на работници, согласно одредбите од Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор. Со увид во Годишниот план за вработување за 2016 и 2017 година, општината предвидела само 3 вработувања во 2016 година од кој реализирано е само едно вработување.

Поради ваквата состојба на привремено ангажирање на работници за вршење на работни задачи, во број кој го надминува и бројот на редовно вработените во општината, без да се направи анализа врз основа на која ќе се утврди реалната потреба од нивно ангажирање, ревизијата неможеше да се увери во реалноста и објективноста на потрошените средства за оваа

намена, а со тоа и во наменското трошење на средства од буџетот на општината.

**Препорака**

Органите во Општина Карпош, да преземат мерки и активности за преиспитување на потребата од ангажирање работници за вршење на секојдневни работни задачи, врз основа на претходна анализа на бројот на вработените и работните места за кои не се обезбедени извршители, според актот за систематизација, за што е потребно редовно вработување и пополнување на работните места, или пак постојат други случаи за потребата од нивно ангажирање (зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект, и сл) согласно законските прописи.

4.1.5 Во текот на 2016 година, од ставката Други трансфери, исплатени се средства во вкупен износ од 24.247 илјади денари, врз основа на решенија за одобрени средства, за реализација на проекти од областа на: детска, социјална и здравствена заштита, енергетска ефикасност, поддршка на локален економски развој, месна самоуправа, култура, спорт и рекреација, основно образование и заштита на животна средина, а кои се поврзани со донесени програми, извештаи, одлуки од Совет и барања. Со извршен увид и анализа на документацијата поврзана со исплатата на средства, врз основа на избран примерок, се констатира следната состојба:

- Донесена е Програма за активностите од областа на: детска, социјална и здравствена заштита за 2016 година, врз основа на која се планирани проектни активности опишани во 17 точки, со планирани средства за нивно финансирање од буџетот на општината за 2016 година во износ од 6.275 илјади денари. На крајот на годината, изготвен е Извештај во кој е даден опис на реализираните активности, меѓутоа без финансиски податоци за потрошени средства за секоја поединечна активност, поради што не е извршена споредба на планираните и потрошените финансиски средства за реализираните активности вкупно и поединечно по ставки во програмата.
- Во извештаите за реализација на одделни проекти доставени од здруженијата, за кои се одобрени и исплатени средства од општината во вкупен износ од 1.920 илјади денари, даден е опис на реализираните активности, но нема спецификација на трошоците и приложена документација за потврда на истите.
- Извршена е исплата на средства во износ од 200 илјади денари на едукативен центар, по решение за реализација на проект кој е предвиден во Програмата за активности од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2015 година, меѓутоа истиот не е реализиран. Во март 2017 година, било доставено писмено известување од здружението

дека проектот нема да се реализира, а паричните средства не се вратени на општината.

- Донесена е Програма за активности од областа на културата за 2016 година, со измена и дополнување во јуни 2016, врз основа на која се планирани проектни активности опишани во 14 точки со планирани средства за нивно финансирање од буџетот на општината во износ од 3.570 илјади денари. На крајот на годината, изготвен е Извештај во кој е даден опис на реализираните активности, меѓутоа без финансиски податоци за потрошени средства за секоја поединечна активност, поради што не е извршена споредба на планираните и потрошените финансиски средства за реализираните активности на вкупно и поединечно по ставки во програмата, од аспект на евентуално пречекорување на потрошените во однос на планираните средства.
- Исплатени се средства во износ од 2.277 илјади денари за реализација на проект и организација на манифестација согласно предвидените активности во т. 1 и 2 од Програмата од областа на културата, за 2016 година, за кои се доставени извештаи за реализација на проектот и манифестацијата во кои е даден опис на реализираните активности, но без спецификација на трошоци со прилог на документација за потврда на истите.
- Исплатени се средства во износ од 6.604 илјади денари, по ситуација од 2015 година и договор од декември 2014 година, за украсување и декорирање на дел од улиците на територија на Општина Карпош, од средства на буџетот на општината во 2016 година за активност која не е предвидена во Програмата од областа на културата за 2015 година, ниту ја има како реализирана активност во извештајот за 2015 година.
- Во 2016 година, од средствата на буџетот исплатени се средства во износ од 186 илјади денари, за подмирување на обврски по фактури од 2013 година, за објави, огласи и соопштенија и др. информации од јавен карактер, врз основа на склучен договор од 2011 година.

Врз основа на напред наведеното, ревизијата неможеше да се увери во наменското трошење на одобрените средства на здруженија и други правни лица, за реализација на проекти и манифестации предвидени во активности на програмите од областа на детска, социјална и здравствена заштита и од областа на културата за кои се доставени извештаи без финансиски податоци и пропратна документација за потврда на потрошените средства, а дел се и ненаменски потрошени со што не е постапено согласно член 37-в став 1, 2 и 3 од Законот за буџетите, член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 26 од ЗФЕЛС.

4.1.6 Општина Карпош има донесено Програма за активностите од областа на спортот за 2016 година, со две измени во текот на 2016 година, врз основа на

која се планирани проектни активности опишани во 19 точки и за кои се планирани средства за нивно финансирање од буџетот на општината за 2016 година во вкупен износ од 43.775 илјади денари. На крајот на годината изготвен е Извештај, во кој е даден опис на реализираните активности од програмата, меѓутоа без финансиски податоци за потрошени средства за секоја поединечна активност поради што не е извршена споредба на планираните и потрошените финансиски средства за реализираните активности вкупно и поединечно по ставки во програмата.

Во текот на 2016 година, потрошени се средства од буџетот на општината за 2016 година од ставките на трансфери до невладини организации и разни трансфери, за реализација на активности од областа на спорт и рекреација, во вкупен износ од 44.122 илјади денари. Со извршен увид и анализа во сметководствената евиденција и документација, се констатира следното:

- Општина Карпош, при исплатата на одобрените средства трансфери до спортски клубови, кои што по својот карактер претставуваат донации и спонзорства, не склучува договор во писмена форма со примателот на донацијата и спонзорството, согласно со Законот за облигациони односи и не известува за користењето на донацијата и спонзорството односно не изготвува извештај за дадената донација и спонзорство кој задолжително се доставува до УЈП, како што е предвидено во член 4 и 19 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, а заради заштита на јавниот интерес, од страна на давателот или примателот на донацијата, се поднесува барање со прилог на договорот, до Министерството за правда, за што истото издава решение, согласно член 21 од Законот.
- За донесените решенија со кои се одобруваат финансиски средства поврзани со активности вклучени во Програмата, за 2016 на годишно ниво не се води помошна евиденција на издадени и исплатени решенија во Секторот за јавни дејности, Одделение за култура и спорт, ниту пак се води помошна евиденција во Секторот за финансиски прашања поради што постои можност од неевидентирање на обврска по донесено решение или евентуална двојна исплата по исто решение.
- Во 2016 година, се вршат исплати на средства по основ на трансфери до спортски клубови и финансирање на проекти од областа на спортот од обезбедени средства во буџетот на општината за 2016 година по донесени решенија за одобрени средства за 2016, 2015 и 2014 година. Ревизијата го истакнува случајот со исплата на средства на шаховски клуб, на кој што во текот на 2016 година, врз основа на донесени решенија за одобрени средства во 2014, 2015 и 2016 година, исплатени се средства во вкупен износ од 1.406 илјади денари, а во 2017 година исплатени се вкупно средства во износ од 1.760 илјади денари, со што остануваат неисплатени средства во износ од 800 илјади денари. Исто така, може да

се истакне дека на овој шаховски клуб во текот на 2015, 2016 и 2017 година, според податоците во аналитичката евиденција, му се исплатени вкупно средства по донесени решенија за различни видови на активности, предвидени во годишните програми од областа на спортот во вкупен износ од 11.480 илјади денари.

- Во 2016 година, исплатени се средства во вкупен износ од 38.010 илјади денари за финансиска поддршка на Друштвото за спортски дејности Кошаркарски клуб Карпош Соколи 2000 АД Скопје, согласно т. 13 односно т. 18 од Програмата за 2016 и 2015 година, врз основа на дел од обврските по решенија за одобрени средства во 2015 година, во износ од 2.010 илјади денари и врз основа на решенија за одобрени средства во 2016 година, во износ од 36.000 илјади денари. За реализација на одобрените средства согласно т. 4 од решенијата, КК Карпош Соколи 2000 има доставено Извештај за 2015 година, во кој се внесени податоци за вкупните и поединечните видови на расходи на АД, во износ од 38.416 илјади денари од годишната сметка на АД за 2015 година и Извештај за 2016 година, во кој е внесен само текстуален дел за видовите на трошоци кои ги има КК Карпош Соколи АД во 2016 година. Согласно наведеното, КК Карпош Соколи 2000 АД нема дадено детални податоци за трошењето на средствата добиени од Општина Карпош со прилог на документација согласно намената за која се одобрени за одделни години.
- Во 2016 година, исплатени се средства за финансиска поддршка на спортски клубови предвидено во т. 4 од Програмата за спорт за 2016 година, врз основа на донесена Одлука од Советот и спроведена постапка за доделување на средства за финансиска поддршка, преку објавен конкурс и записник од Комисија за спорт, за што се донесени решенија за одобрени средства на осум спортски клубови, во вкупен износ од 1.170 илјади денари кои делумно се исплатени во износ од 480 илјади денари до 31.12.2016 година, а за остатокот во износ од 690 илјади денари се книжени обврски за наредната година.
- Во 2016 година, исплатени се средства за материјална поддршка за реализација на проекти, предвидени во одделни точки во Програмата за 2016 година, за што се донесени решенија за одобрени средства на пет спортски клубови во вкупен износ од 1.800 илјади денари, од кои исплатени се вкупно 800 илјади денари, а за остатокот од 1.000 илјади денари книжена е обврска за наредната година. За реализација на одделните проекти за кои се одобрени средства доставени се извештаи од спортските клубови во кои има текстуален дел за реализирани активности, а за дел има спецификација на трошоци но во ниеден извештај нема приложена документација за потврда на трошоците, ниту пак се врши контрола за наменското трошење на средствата од страна на општината.

- Исплатени се средства во вкупен износ од 1.698 илјади денари, од кои за реализација на проекти или организација на спортски настани согласно предвидени активности во одделни точки од Програмата за 2016 година, во износ од 1.348 илјади денари и исплата на финансиски средства на кошаркарски клуб по одобрено барање за спонзорство и решение од 2013 година во износ од 350 илјади денари за кои е предвидено да се доставаат извештаи за реализација на проект или за потрошените средства, заради потврда на наменското трошење и оправданост на одобрените средства. За реализација на проектите се доставени извештаи, со нецелосни податоци и без приложена документација за наменското трошење на средства, а за спонзорството не е доставен извештај од клубот, ниту пак се врши контрола од страна на општината.

Врз основа на напред наведеното, ревизијата неможеше да се увери во наменското трошење на одобрените средства на спортски клубови, во вид на финансиска поддршка, спонзорство или материјална поддршка за реализација на проекти, за кои се доставени извештаи без финансиски податоци и пропратна документација за потврда на потрошените средства, што не е во согласност со член 37-в, став 1, 2 и 3 од Законот за буџетите, член 26 од ЗФЕЛС, член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 49 став 5 од Законот за здруженија и фондации.

**Препорака**

Органите на општина Карпош, да ги преземат следните мерки и активности, и тоа:

- да се планираат и обезбедуваат средства за финансирање на активности од областа на спортот, согласно можностите на општината, на годишно ниво;
- на крајот на годината да се изготвува годишен извештај за реализација на Програмата за активности на општината од областа на спортот, со податоци за реализираните активности, од аспект на видот, намената и потрошените средства за секоја поединечна активност, согласно програмата;
- да се склучува договор во писмена форма, со примателот на донацијата и спонзорството и да се изготвува извештај за дадената донација и спонзорство, доставен до надлежната институција согласно законските прописи;
- да се воведе помошна евиденција на издадените решенија за одобрени средства, за реализација на активности, во текот на годината.

4.1.7 Во текот на 2014, 2015 и 2016 година, донесени се решенија за финансиска поддршка на КК Карпош Соколи, согласно Програмите за активностите на

Општина Карпош од областа на спортот кои се носат на годишно ниво од Советот на општината во вкупен износ од 70.000 илјади денари (во 2014 година во износ од 10.000 илјади денари, во 2015 година во износ од 20.000 илјади денари и во 2016 година во износ од 36.000 илјади денари), кои се целосно исплатени заклучно со 31.12.2016 година. Имено, во т. 13 од Програмата за 2016 година е наведено дека финансиската помош е заради промовирање на Општина Карпош преку настапување на клубот на званични меѓународни кошаркарски натпревари, а со цел клубот да биде поконкурентен и да избори пласман и да настапува на меѓународни клупски натпреварувања. Трошоците кои се предвидени во програмата се однесуваат на: изнајмување на сала, ангажирање на домашни и меѓународни кошаркари, патни трошоци, итна помош, разглас, опрема за тренинг и натпревари, топки и реквизити, летни и зимски подготовки на екипата.

Согласно т. 4 од Решенијата, за реализацијата на одобрените средства КК Карпош Соколи 2000, има доставено поединечни извештаи за 2014, 2015 и 2016 година, во кои е внесен текстуален дел без финансиски податоци за потрошени средства, односно кошаркарскиот клуб нема дадено детални податоци за трошењето на средствата со прилог на документација согласно намената за која се одобрени од Општина Карпош за одделни години.

Исто така, ревизијата има обврска да истакне дека од 15 март 2015 година Општина Карпош се јавува како основач на КК Карпош Соколи АД Скопје и истовремено доделува финансиска поддршка на акционерското друштво.

Во 2015 и 2016 година, извршена е исплата на средства по донесени решенија за финансиска поддршка на Акционерско друштво, во кое како основач, покрај физичко лице, се јавува и општина Карпош, за што е извршена пререгистрација на спортскиот клуб во Друштво за спортски дејности Кошаркарскиот клуб Карпош Соколи 2000 АД Скопје.

Имено, во 2015 година врз основа на Одлука за основање на Друштво за спортски дејности Кошаркарскиот клуб Карпош Соколи 2000 АД Скопје, донесена во согласност со Статутот на клубот, Законот за трговски друштва и Законот за спорт, Кошаркарскиот клуб Карпош Соколи 2000 Скопје од здружение – спортски клуб се пререгистрира во Акционерско друштво, за што е донесено Решение за упис за основање во Централниот регистар на РМ, со датум на основање на друштвото на ден 16 март 2015 година. (во решението од Централниот регистар, е наведен член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт, објавен во Службен весник на РМ, број 18 од 2011 година). Друштвото е со мешовита сопственост, а сопственици на друштвото се Општина Карпош и физичко лице-претседател на КК Карпош Соколи 2000 Скопје, со вкупна основна главнина од 25.000 еур, од кои паричниот влог на Општина Карпош изнесува 5.000 еур, а паричниот влог на физичкото лице изнесува 20.000 еур.

Советот на Општина Карпош на седница одржана на 12 март 2015 година има донесено Одлука за утврдување на интерес за основање на Акционерско

друштво за вршење дејност спорт во која се утрдува интересот на општината за заедничко основање на друштвото за спортски дејности КК Карпош Соколи АД Скопје, со утврдена основната главнина во номинален износ од 25.000 евра од двајца основачи (кошаркарскиот клуб со 20.000 евра и Општина Карпош со 5.000 евра), која е изменета на 30 март 2015 година, со замена на клубот како оснивач со физичко лице-оснивач. Исто така, донесена е Одлука за издавање на акции, бр. 0101-311 од 16.03.2015, за издавање на 2.500 акции со номинална вредност од 10 евра по акција, на основачите на друштвото соодветно на влогот, со право на учество во распределбата на добивката на друштвото (дивиденда), сразмерно на номиналната вредност на акцијата. Сите одлуки кои се донесени во врска со друштвото, (одлука за основање, издавање на акции, изјава за преземање на акции во АД, за избор на членови на органот на управување на друштвото, за трошоците за основање на друштвото,) се потпишани од основачите, а во име на Општина Карпош е потпишан овластен претставник - член на советот, кој е избран за неизвршен и независен член на одборот на директори во друштвото. Врз основа на член 22, 287 и 293 од Законот за трговските друштва и одредбите од Законот за спорт, донесен е Статут на друштвото за спортски дејности, заведен под бр. 0101-02/1 од 16.03.2015 година.

Во март 2015 година, Македонската кошаркарска федерација, согласно член 9 став 7 од Законот за спорт, издава потврда на КК Карпош Соколи Скопје, со која му го признава континуитетот на остварените спортски резултати, односно резултати на КК Карпош Соколи 2000 АД Скопје, кое настанало со регистрација од спортско здружение во АД, чиј правен наследник е, како и потврдува дека, КК е член на федерацијата и дека клубот е вклучен во највисок систем на натпревари за натпреварувачка сезона 2014/2015 во супер лига мажи. Потврдата е издадена на лично барање на КК, да му послужи пред Агенцијата за млади и спорт. Врз основа на член 16 став 1 од Законот за спортот, по барање на друштвото, издадено е Решение, бр. 08-746/3 од 31.03.2015, од АМС, со кое Друштвото Кошаркарскиот клуб Карпош Соколи 2000 АД Скопје ги исполнува условите за вршење дејност спорт – кошарка.

Во врска со преминот на спортскиот клуб во акционерско друштво, во текот на 2015 година може да се констатира дека истото не е во согласност со преодните и завршни одредби, во член 16 и 17 од Законот за измени и дополнувања на Законот за спорт, објавен во Службен весник на РМ, број 18 од 2011 година, од причина што Карпош Соколи е спортски клуб за кошарка и рокот до кој важела пререгистрацијата на постојните спортски клубови за кошарка во акционерско друштво, согласно законот, е најдоцна до 31 јули 2012 година.

Оснивачкиот влог на општината, за кој што е донесено Решение за одобрување на финансиски средства од градоначалникот за уплата на

средства на име на основачка главнина во износ од 308 илјади денари (5.000 евра), не е евидентиран во деловните книги на општината, на сметка на основачки издатоци со што не е постапено согласно член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбата на средствата во деловните книги и финансиските извештаи за сметката на основен буџет (637).

Врз основа на напред наведеното, ревизијата неможеше да се увери во наменското трошење на одобрените средства на Друштво за спортски дејности Кошаркарскиот клуб Карпош Соколи 2000 АД Скопје, во вид на финансиска поддршка, за кои се доставени извештаи без финансиски податоци и пропратна документација за потврда на потрошените средства, што не е во согласност со член 37-в, став 1, 2 и 3 од Законот за буџетите, член 26 од ЗФЕЛС, член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 49 став 5 од Законот за здруженија и фондации.

## 4.2 Финансиски извештаи

4.2.1 Во Општина Карпош не е извршен целосен и квалитетен попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2016 година, на начин опишан во Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а со што не е постапено согласно член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради следното:

- не е извршен попис на земјиштето за кое Општина Карпош има право на долгорочен закуп, евидентирано во имотни листи за недвижниот имот на општината (земјиштето за изградба на административниот објект и земјиштето кај ЗЕЛС);
- за пописот на градежните објекти изготвена е посебна пописна листа бр. 7, во прилог на извештајот за попис, во кој што е наведено дека е извршен попис со посета на сите евидентирани објекти за потврдување на фактичката состојба на деловни и градежни објекти со кои стопанисува општината. Меѓутоа, ревизијата не доби уверување дека пописната комисија има направено увид во документацијата (имотни листови, и друга документација) која е основ за евидентирање на поединечен градежен објект како недвижен имот, во сопственост на општината;
- за градежните објекти – уредување, во извештајот за попис комисијата констатира дека во книгата на основни средства се евидентираат градежните инвестиции, кои се однесуваат на градежни објекти – уредување, кумулирани од претходни години на кои се додадени и инвестициите од 2016 година и согласно прегледот за градежни инвестиции, комисијата ги посетила сите објекти заради потврдување на нивната фактичка состојба и ги завела во посебни пописни листи.

Составен дел на извештајот за попис е прилог бр. 8 пописни листи, меѓутоа со ревизијата се констатира дека не се приложени пописни листи потпишани од пописната комисија, односно во прилог се финансиските картици, како и пописна листа по локации од програмот за основни средства;

- за градежни објекти – урбана опрема, извршен е попис со поединечни пописни листи по локации во прилог бр. 6 кон извештајот за извршен попис. При вршење на пописот не се обезбедени податоци од Секторот за поддршка на градоначалникот и Секторот за заштита на животната средина и енергетска ефикасност, заради споредба на нивните податоци со податоците во програмот за основни средства, а со цел усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- за останатите основни средства (нематеријални средства, опрема, уметнички слики и сл.) од страна на пописната комисија извршен е збирен попис по локации (канцеларии и месни заедници), кој што во извештајот за попис се наведени како прилог бр. 3, пописни листи на основни средства. При тоа, направени се поединечни пописни листи по места на наоѓање на основното средство, при што се врши усогласување со материјалната евиденција на средствата по канцеларии, поради што ревизијата не доби уверување дека сите локации и секое основно средство по инвентарен број се опфатени со пописот;
- за материјалните средства во подготовка (инвестиции во тек), во извештајот за попис е наведено дека комисијата обезбедила сметководствена картица и извршила увид во сметководствената евиденција, при што утврдила дека во Секторот за финансиски прашања за отпочнатите работи за кои има ситуации, добиено е известување од надлежните сектори за состојбата во која фаза е градбата со табела за отпочнатите градежни работи по локации, кои се во фаза на изградба или работите се во тек, а во прилог бр. 18 приложена е спецификација на инвестициите во тек со податоци од сметководствената евиденција;
- во пописните листи на основните средства не се внесени податоци за сметководствената состојба на средствата, како што е предвидено со член 31-а од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- за пописот на обврските се изготвени прегледи на обврски (краткорочни и долгорочни) по доверители потпишани од пописната комисија (прилог бр. 16), врз основа на спецификациите на обврски по аналитички конта и добавувачи од сметководствената евиденција, а во извештајот е дадено образложение (општо) за основот од кој потекнуваат одделните видови на обврски и трошоците на кои се евидентирани истите. Меѓутоа, со пописот не е утврден правниот основ за постоење на поединечните обврски по комитенти искажани во спецификациите во сметководствената евиденција за да се потврди и провери реалноста на

поединечниот искажан износ на обврската за одделен добавувач (комитент), од аспект на правниот основ, од кога истата потекнува и причината за ненавремено плаќање.

Поради напред наведеното не е извршено усогласување и сведување на сметководствената на фактичка состојба со 31.12.2016 година што има влијание на реалноста и објективноста на искажаните состојби на средствата и обврските во деловните книги и финансиските извештаи на Општина Карпош, сметка на основен буџет (637) за 2016 година.

**Препорака**

Градоначалникот на Општина Карпош, да преземе мерки и активности за спроведување на целосен и квалитетен попис на средствата и обврските во општината.

4.2.2 Со ревизија на документите за недвижниот имот со кој располага Општина Карпош, добиени од Секторот за правни работи, како и со увид во податоците од деловните книги, ја констатиравме следната состојба:

- Недвижниот имот добиен по Решение за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од РМ на Општина Карпош врз основа на спроведен делбен биланс (Сл. весник на РМ, бр. 15/2000) не е целосно евидентиран во имотен лист со запишано право на сопственост на име на Општина Карпош. Имено, по ова решение за три објекти има право на сопственост запишано во имотен лист на Општина Карпош, но во деловните книги се евидентирани само два објекти, односно не е евидентиран објектот за кој има ИЛ бр. 51400 за КП 175/10. За останатиот недвижен имот, ревизијата не се увери дека во периодот од донесување на решението до денот на ревизија, се преземени сите активности за спроведување на решението, иако истото како акт на државен орган е основ за упис на право на сопственост во јавната книга, со што не е постапено согласно член 154 и 155 од Законот за сопственост и други стварни права кои се однесуваат на стекнување на сопственост со одлука на државен орган.
- Во деловните книги на општината не е евидентирано земјиште добиено под долгорочен закуп за изградба на административен објект на Општина Карпош што се наоѓа на КП 1673/3 во површина од 2.172 $м_2$, како и градежно земјиште за КП 3470/2 КО Карпош во површина од 880$м_2$ евидентирано во ИЛ бр. 4917 со цел изградба на објект за јавни функции (ЗЕЛС), а истото е поврзано со објект на МЗ Тафталиџе 2, по решението од 2000 година. Исто така, во деловните книги не се евидентирани деловни објекти со право на сопственост евидентирани во ИЛ. бр. 100797 за КП 7640, кои се наоѓаат на Мост Влајко, за кои е запишана сопственоста во мај 2011 година.

- Во 2013 година, во деловните книги на Општина Карпош се евидентирани градежни објекти со вкупна книговодствена вредност од 52.541 илјади денари, врз основа на добиени известувања од Агенцијата за млади и спорт кои се однесуваат на: Вештачка Карпа на износ од 38.063 илјади денари, тениски терени на Кеј на река Вардар на износ од 7.260 илјади денари и тениски терени на ОУ Јан Амос Коменски на износ од 7.218 илјади денари. Од Секретарот на општината добивме информација дека за овие објекти започната е постапка за упис на сопственост, но не ни беа доставени соодветни документи за потврда на истото.

Ваквата состојба на нецелосно запишување на правото на сопственост на недвижниот имот (земјиште и објекти) по решението за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од РМ на Општина Карпош, врз основа на спроведен делбен биланс и друга документација (договори за долгорочен закуп, имотни листи, известувања од Агенција за млади и спорт), како и нецелосно евидентирање на земјиште и деловни објекти во деловните книги за кои има документација за сопственост или долгорочен закуп, не е во согласност со член 154 и 155 од Законот за сопственост и други стварни права и член 12 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Наведеното има влијание на реалноста и објективноста на искажаните состојби на средствата во деловните книги и финансиските извештаи на сметката на основен буџет – 637, за 2016 година како и постои ризик од губење на право на сопственост на недвижен имот со кој би требало да располага Општина Карпош.

**Препорака**

Во наредниот период, Секторот за правни работи и Секторот за финансиски прашања, во Општина Карпош да ги преземат следните мерки и активности:

- Секторот за правни работи да направи анализа за состојбата на недвижниот имот по решението за пренос на сопственост од 2000 година, за секоја катастарска парцела поединечно, заради преземање на активности за запишување на право на сопственост;
- Секторот за финансиски прашања по извршена проценка на вредноста да ги воведе во евиденција деловните објекти за кои има право на сопственост и земјиштето за кое има долгорочен закуп;
- Секторот за правни работи да ја обезбеди потребната документација за запишување на правото на сопственост на објектите добиени од Агенцијата за млади и спорт, и
- Секторот за правни работи навремено да ги доставува податоците за недвижниот имот до Секторот за финансиски прашања заради правилно и навремено евидентирање на вредноста на недвижниот имот во деловните книги на Општина Карпош.

4.2.3 Бараките во кои е сместена општинската администрацијата на Општина Карпош се ново изградени бараки во кругот на ООУ Лазо Трповски, истите се користат и се во употреба од март 2013 година. Во деловните книги овие бараки се евидентирани на инвестиции во тек, а не како градежни објекти од причина што во изминатиот период се водат два трговски спора, со еден економски оператор, од кои едниот е завршен, а другиот е во тек. Со извршениот увид на документацијата, во врска со текот на настаните поврзани со изградбата на бараките и двата трговски спора, до денот на ревизијата ја утврдивме следната состојба:

- Во јуни 2012 година, донесена е Одлука од Советот за дислокација на бараките бр. 4 и 5, што се наоѓаат на КП 1673/3 КО Карпош, во сопственост на Општина Карпош, со вкупна површина од 640 $м^2$, заради изградба на административен објект на локалната самоуправа. Истите се дислоцираат во дворното место на ООУ Лазо Трповски, по претходно изготвена архитектонско-урбанистичка документација.
- Во август 2012 година, склучен е договор со економскиот оператор за демонтажа, дислокација и изведба на четврта и петта барака во рамките на дворното место ОУ Лазо Трповски на износ од 7.158 илјади денари. Со договорот е уредено дека изведувачот има обврска да ги заврши работите во рок од 45 дена од денот на воведување во работа. Договорот е еднострано раскинат на 18 септември 2012 година со писмен допис, иако не биле поминати 45 дена од денот на воведување во работа, како и поради уништување на бараките при нивно демонтирање.
- По раскинување на договорот, склучен е договор со постапка за преговарање со истиот економски оператор со сличен предмет за јавна набавка, односно изведба на демонтирани 4-та и 5-та барака во рамките на урбанистичка парцела ООУ Лазо Трповски, на износ од 14.345 илјади денари. И покрај тоа што е склучен договор за изведба на демонтирани бараки, всушност се градат нови бараки, бидејќи старите бараки се уништени, факт кој е наведен во дописот за раскинување на договорот. За изградба на новите бараки доставен ни е Проект за изведба на бараките тех. бр 120/12 од 09.2012 година, за кој не е направена ревизија, а нема ни одобрение за градба, со што при градењето не е постапено согласно член 59 од Законот за градење.
- Со извршен увид во наодот од супервештачење, спроведено по барање на судот, се констатира дека по овој договор од страна на економскиот оператор се доставени ситуации во вкупен износ од 28.955 илјади денари, за основни и дополнителни работи, кои не се евидентирани и признаени од страна на Општина Карпош. Исто така, со ова вештачење се цитирани и анализирани следните документи: дописи поврзани со дополнителни работи кои биле побарани од страна на општината, предмер пресметка за истите, како и допис од март 2013 година, со кој изведувачот го известува нарачувачот за проблемите во комуникацијата со надзорот, кој

не бил присутен на објектот и не ја оверил документацијата, инструкциите за работа ги давал усмено, без да се запишат во градежен дневник. Приложен е записник од 26 март 2013 година, кога вработените на општината се вселиле во барака 5.

- Во деловните книги, бараките се евидентирани на инвестиции во тек, со вредност од 7.001 илјади денари, која што произлегува од прва времена ситуација, примена во архивата на Општина Карпош во август 2014 година, односно после раскинување на договорот. Ситуацијата е добиена после поведување на двата судски спора, како и после пуштање во употреба на бараките. Оваа ситуација не е предмет на парнично побарување за изградба на бараките и ревизијата не се увери дека истата е веродостоен документ.
- Ревизијата не доби уверување дека за изградбата на бараките постои Одлука од страна на Советот, иако истото е во надлежност на Советот дефинирано во став 1 т. 10 од член 36 од ЗЛС, односно кога се гради нов објект со намена за општината, потребно е да одлучи Советот. Исто така, ревизијата не доби уверување дека Советот е запознаен со целиот тек на настани поврзани со овој економски оператор со оглед на висината на непризнаени обврски, дупло плаќање на исти обврски, споровите кои се водат, а со оглед на спецификата на целиот случај и финансиските импликации кои можат да настанат од спорот.
- За договорите поврзани со основните училишта, со истиот економски оператор, констатиравме непризнавање на ситуациiите од страна на Општина Карпош, иако одредбите за плаќање се поврзани со прием на фактурата, како и дополнителни работи нејасно дефинирани, за што со супервештачењето во најголем дел се признаени како извршени работи.
- За спорот, за кој има правосилна и извршна пресуда од Апелациониот суд ТСЖ-449/16 од април 2016 година (тужба за главен долг од 19.256 илјади денари), е потврдено да се исплати главен долг, законска затезна камата на долг од 10.882 илјади денари и законска затезна камата само на долг од 2.501 илјади денари. Плаќањето на овој долг, по пресудата од Апелација, претставува дупло плаќање со оглед на тоа дека за истиот долг има склучено цесии, кои дел се реализирани, односно извршено е плаќање по истите, додека остатокот не се платени. Дел од склучените договори за отстапување на побарувања, се склучени во периодот додека траел спорот.

  За долгот кој е еднаш платен, Секторот за финансиски прашања го известува Секторот за правни работи, со допис од 31 декември 2016 година, а за истото Општина Карпош има поднесено кривична пријава до економскиот оператор. Апелациониот суд не ги цени како докази платените цесии од причина што се работи за нови докази и факти бидејќи во постапка за жалба не можат да се изнесуваат нови факти ниту да се предлагаат нови докази, освен ако се работи за суштествени

повреди на одредбите на парничната постапка поради кои може да се изјави жалба.

Од друга страна, според податоците од помошната евиденција за договорите за цесии, потпишани се 16 (шеснаесет) цесии со економскиот оператор во период од 2012 до 2015 година, но истите не се евидентираат во сметководствената евиденција, ниту во моментот на потпишување, ниту во моментот на плаќање. Со потпишување на цесиите, економскиот оператор го губи својството на доверител поради што не сме уверени дека не постојат и други нереализирани цесии, со што дупло платениот износ за една иста обврска, може да се зголеми. Во најголем дел од договорите за цесии, нема информации кое побарување се отстапува, односно по која ситуација/фактура се отстапува побарувањето, поради што не може да се утврди дека договорите за цесии се однесуваат на тие договори.

- За судскиот спор, со главен долг во износ од 73.125 илјади денари и законска затезна камата за кој има донесено првостепена пресуда од Основен суд Скопје 2, Скопје, с2 ПЛ1-ТС - 569/14 од 02.03.2017 година, со која е потврден главен долг на износ од 63.193 илјади денари, постапката е пред Апелационен суд и во тек е жалбената постапка. Овој спор започнува со Решение од нотар за присилна наплата, заведено под УПДР бр. 275/13 од 30.04.2013 година, за парнично побарување по фактури кои Општина Карпош во најголем дел ги нема во својата евиденција, поради што поднесен е приговор и започнува спор пред Основен Суд Скопје 2, Скопје.

Ваквата состојба на изградбата на бараките без одобрение за градење и одлука од Советот на Општина Карпош, неевидентирани градежни објекти и непризнаени и неевидентирани обврски за изградба на бараките и реконструкција на основни училишта, во деловните книги, не е во согласност со одредбите од договорите за начинот на плаќање, член 36 од Законот за локална самоуправа, член 59 од Законот за градење и член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, што влијае на реалноста и објективноста на искажаната вредност на материјалните средства и обврските во деловните книги и финансиските извештаи на Општина Карпош и има за ефект неуверување во законското и наменско користење на буџетски средства на општината како и потенцијални обврски кои би произлегле од трговскиот спор кој е во тек.

**Препорака**

Во наредниот период, органите на Општина Карпош, да превземат мерки и активности за проверка на целокупната документација во врска со изградбата на бараките заради утврдување на причините кои придонеле за појавените неправилности со лоцирање на одговорноста и правилно евидентирање на состојбите на соодветните позиции во деловните книги и финансиски извештаи.

4.2.4 Во деловните книги на Општина Карпош, со состојба на 31.12.2016 година, евидентирани се градежни објекти со вкупна набавна вредност во износ од 1.275.473 илјади денари, отпишана вредност во износ од 58.244 илјади денари и сегашна вредност во износ од 1.217.229 илјади денари, и материјални средства во подготовка (инвестиции во тек), со вкупна вредност во износ од 195.114 илјади денари. Градежните објекти се евидентирани во книгата на основни средства (програма) и за нив се води аналитичка евиденција поделени во четири групи на објекти, и тоа: градежни објекти, градежни објекти-уредување, урбана опрема-уредување и урбана опрема-осветлување – уредување. Со ревизијата и извршениот увид во документацијата за градежните објекти и инвестициите во тек, се констатира следното:

- Во рамките на градежни објекти – уредување, во материјални средства се евидентирани извршени градежни работи кои се однесуваат на реконструкција на улици, тротоари, паркинг места, изградба на фекална и атмосферска канализација и изградба на административен објект без да се изврши координација со Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи од аспект на разграничување и нивно правилно евидентирање на средства или трошоци за инвестициско одржување на материјалните средства.
- Капиталните инвестиции за изградба или реконструкција на фекална и атмосферска канализација се евидентирани како градежни објекти – уредување, иако во Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи постојат евидентни листи за технички прием на мрежата со која понатаму стопанисува ЈП Водовод и Канализација, Скопје. Евидентните листи не се доставуваат до Секторот за финансиски прашања заради нивно раскнижување од евиденцијата на градежните објекти.
- Вредноста на материјалните средства во подготовка (инвестициите во тек) како целина може да се види само во програмот за финансиско работење каде што инвестицијата се води по трошковно место додека во програмот за основни средства се водат по поединечни инвестиции, односно одредена улица во програмот за основни средства се евидентира со различен инвентарен број, како различно основно средство, вредноста на проектот, градбата на инвестицијата и надзорот над извршените работи.
- За реконструкција или изградба на улици, во програмот за основни средства се пресметува амортизација по стапка од 4% иако согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, амортизацијата за горни слоеви на патишта и други изградени патни површини за останати патишта изнесува 3%.
- Во рамките на градежни објекти – урбана опрема, се евидентира урбана опрема (корпи, канти, клупи за седење и сл. ), со вредност помала од 300

еур, иако истото треба да се евидентира како ситен инвентар во употреба. За погоренаведените ставки се пресметува амортизација како градежни објекти, згради и останати градби од дрво и друг материјал, по стапка од 4%, иако истите се амортизираат за пократок период, а доколку ги исполнуваат условите за основни средства, треба да се пренесат на опрема.

Согласно наведеното, во деловните книги на општината не се целосно и соодветно евидентирани градежните објекти и материјалните средства во подготовка (инвестициите во тек) со што не е постапено согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 12 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, што има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбите на средствата во деловните книги и финансиските извештаи на сметката на основен буџет – 637 за 2016 година.

**Препорака**

Секторот за финансиски прашања, во соработка со Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи, да ги преземат следните мерки и активности, и тоа:

- да се изврши правилно евидентирање и разграничување на објектите и инвестициите во тек, во деловните книги на општината, врз основа на комплетна и веродостојна сметководствена документација.
- да се спроведат соодветни корективни книжења во набавната, отпишаната и сегашната вредност на градежните објекти, како и во вредноста на материјалните средства во подготовка.

4.2.5 Во деловните книги на Општина Карпош, со состојба на 31.12.2016 година, искажана е вредност на вонбилансната евиденција (актива и пасива) во износ од 355.837 илјади денари. Со извршен увид во податоците од сметководствените картици за вонбилансна евиденција од минати години, извештајот за попис, како и Конечниот извештај на ДЗР за 2005 година, се утврди следното:

- На 31.12.2005 година вредноста на вонбилансната евиденција, според Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност, за 2005 година, за сметката Орган на Општина Карпош, изнесува 270.004 илјади денари, а се однесува на капитални инвестиции во надлежност на општината, како што се: инвестиции за изградба на мостови, детски игралишта, спортски терени, реконструкции на улици, улично осветлување, паркови и други градби.
- Во периодот од 2006 до 2008 година настанати се неколку промени односно извршено е зголемување за 182.954 илјади денари, при што

состојбата на 31.12.2008 година изнесува 452.958 илјади денари. Овој износ е целосно сторниран и добиена е нова состојба на износ од 320.940 илјади денари, која што е зголемена за 34.897 илјади денари, со што се добива крајната состојба во износ од 355.873 илјади денари, која останува непроменета до денот на ревизијата.

- Во извештајот за извршен попис на средствата, изворите на средства, побарувањата и обврските на Општина Карпош, со состојба на 31.12.2016 година, нема информација за извршен попис на вонбилансната евиденција.

Од причина што не е извршен попис на ставките во вонбилансната евиденција, а во услови кога истата се однесува на капитални инвестиции во надлежност на општината од минати години, ваквата состојба може да има за резултат нереално и необјективно прикажување на билансните позиции во деловните книги и финансиските извештаи за 2016 година.

**Препорака**

Во наредниот период, да се изврши попис на вонбилансната евиденција согласно законските прописи, како и евентуално раскнижување и правилно евидентирање на одделни ставки од вонбилансна во билансна позиција, во деловните книги и финансиските извештаи на Општина Карпош.

## 4.3 Користење на средствата согласно законските прописи

4.3.1 Во 2016 година, од ставката Други оперативни расходи, програма општинска администрација, потрошени се средства за закуп на термини за емитување на ТВ емисии, изработка на документарен филм, комуникациска платформа и други информативни програми за потребите на општината, во вкупен износ од 7.420 илјади денари. Со извршен увид и анализа на документацијата поврзана со исплатата на средства по наведениот основ, се констатира следното:

- Во изминатиот период, Општина Карпош нема донесено програма во која ќе се планираат активностите и потребните финансиски средства за информирање и запознавање на јавноста со услугите или активностите на општината односно „рекламирање“ на општината на годишно ниво, поради што ваквите активности за кои се потрошени средства од буџетот на општината не се одобрени од Советот на Општина Карпош.
- Во 2016 година извршени се плаќања на обврски по фактури од минати години по основ на закуп на медиумски простор и други видови на рекламирање на општината за што се склучени договори со неколку телевизиски и продукциски куќи во 2012, 2013, 2014 и 2015 година, согласно член 8 став 1 алинеја 2 од ЗЈН, според кој одредбите од овој закон не се применуваат при доделување на ваков тип на договори.

- За закуп на медиумски простор, за емитувања на кратки прилози и емитување на емисијата Карпошвизија еднаш месечно и продукција на видеоматеријал во 2016 година, платени се обврски по фактури од 2014 и 2015 година, во вкупен износ од 2.624 илјади денари, додека пак вредноста по склучените договори во 2014 и 2015 година, за оваа намена изнесува вкупно 6.753 илјади денари. Заклучно со 31.12.2016 година, овие обврски по договорите и фактурите се целосно платени.
- За одбележување – брендирање на дел од имотот во сопственост на Општина Карпош, од средствата на буџетот за 2016 година, платени се обврски по фактури од 2013 и 2015 година, во вкупен износ од 1.515 илјади денари, врз основа на договор, склучен во 2013 година, на вкупна вредност од 2.016 илјади денари, со времетраење на договорот, до исполнување на обврските од двете договорни страни. Обврските по договорот и фактурите, се целосно платени во 2014 и 2016 година.
- За продукција на краток документарен филм во кој се презентирани проекти на општината, реализирани, тековни и нови во 2015 година, од средствата обезбедени со буџетот на општината во 2016 година, исплатени се средства во износ од 354 илјади денари, по фактура од јануари 2016 година, врз основа на договор од октомври 2015 година, на истата вредност.
- За услуги за креирање и поддршка при реализација на комуникациска платформа за учество на граѓаните во одлучувањето за прашања од надлежност на локалната самоуправа, платени се обврски по фактури од 2013 година, во вкупен износ од 2.927 илјади денари, врз основа на склучен договор во декември 2012 година, на вкупна вредност од 6.100 илјади денари. За извршените услуги, примени се фактури во текот на 2013 година, на вкупен износ од 6.100 илјади денари, кои делумно се платени во 2014 година, во износ од 3.803 илјади денари, а остатокот во износ од 2.927 илјади денари, е платен во 2016 година.

Врз основа на напред наведеното, трошењето на средства по основ на закуп на медиумски простор и другите видови на рекламирање на општината, за кои не е донесена програма, ниту се одобрени средства за оваа намена, од Советот на општината, не е во согласност со член 26 од ЗФЕЛС и член 37 и 37-в став 1 и 2 од Законот за буџетите, според кои средствата од буџетот на општината можат да се користат само за намените и во износите утврдени во буџетот.

**Препорака**

Органите на општината, доколку планираат активности за закуп на медиумски простор и други видови на рекламирање на општината, истите да бидат предвидени во соодветна Програма, одобрена од Советот на општината, за која ќе се обезбедат и трошат финансиски средства, на годишно ниво.

4.3.2 Во текот на 2016 година, потрошени се средства за реконструкција на станбени објекти во вкупен износ од 33.788 илјади денари (ставка 481130–уредување на градежно земјиште), од кои за реконструкција на фасадите на колективни станбени објекти во износ од 27.486 илјади денари, за препокривање на кровови на станбени објекти во износ од 6.002 илјади денари и остатокот во износ од 300 илјади денари се однесуваат на замена на лифтови (стар со нов) во колективни станбени објекти што се наоѓаат на територија на Општина Карпош. Со извршен увид во документацијата поврзана со исплатата на средства за реконструкција на станбените објекти се констатира следната состојба:

Врз основа на член 50 став 1 т. 3 од ЗЛС, а во врска со член 75 од Статутот, Советот има донесено Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Карпош за 2016 година со две потпрограми: програма за урбано планирање и програма за комунални дејности. Програмата за урбано планирање, се состои од 6 потпрограми, меѓу кои и потпрограма за урбанистичко планирање и потпрограма за уредување на градежно земјиште, со планирани тековно оперативни расходи во износ од 24.000 илјади денари и капитални расходи во износ од 445.000 илјади денари, во кои, за реконструкција на станбени објекти, се планирани средства во износ од 230.000 илјади денари.

Врз основа на член 36 став 1 т. 1 од ЗЛС, а во врска со Програмата, донесени се Одлуки за одобрување на финансиски средства за реконструкција на фасади за колективни станбени објекти, во вкупен износ од 230.000 илјади денари, во кои се наведени станбените објекти на кои ќе се поставува нова фасада со назначување на локацијата - улица и број, од средства обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година, потпрограма уредување на градежно земјиште. Во извештајот за реализација на Програмата е наведено, покрај другото, дека во текот на 2016 година, општината ја продолжила иницијативата за реновирање на фасадите на станбените објекти во општината на различни локации, кое што во иднина би резултирало со пониски сметки за греење и ладење, со тоа што се реконструирани фасади на вкупно 18 згради, во вкупна вредност од 59.002 илјади денари. Исто така, во овој извештај е наведено дека во 2016 година, извршена е реконструкција на кровови на станбени и индивидуални објекти во вредност од 14.000 илјади денари, со образложение дека, согласно објавените тендери во 2014 година, избраниот понудувач е обврзан да испорача количина од 19.600 $м^2$, ребраст поцинкуван лим за препокривање на станбените објекти, од кои испорачани се 5.870 $м^2$ лим на индивидуални и колективни станбени објекти, во наредниот период треба да се испорача уште 4.401 $м^2$ лим и понатаму ќе продолжи да испорачува до вкупната договорена количина, а пријавени се 45 колективни станбени згради за замена на кров.

Во врска со почетокот на започнувањето на реконструкцијата на станбени објекти, а врз основа на Програмата за енергетска активност на Општина Карпош 2013-2015 (во т. 3.13 од програмата), може да се наведе дека оваа активност е започната во 2012 година, со реализација на четири проекти на стари колективни згради за домување, на кои е изработена нова термо фасада и нова столарија со квалитетена термичка изолација, со кои е постигната заштеда на енергија. Ваквите постигнати резултати, и `се поголемиот интерес на граѓаните, допринел стручните служби да изработат уште 163 нови проекти за санација на постојни стари објекти за колективно домување. Овој проект бил планиран како најголем финансиски проект во Програмата, за кој освен досегашните учесници, граѓаните, општината и странска фирма, требало да се бараат и дополнителни нови учесници во проектот во наредните три години.

Во текот на ревизијата, од страна на Секторот за финансиски прашања, изготвен е преглед на склучени договори и издадени решенија за реконструкција на станбени објекти, во период од 2012 до 2016 година, по кои со состојба на 31.12.2016 година, се останати преземени обврски по активни договори за кои ќе следи обврска за плаќање во наредниот период, во износ од 203.470 илјади денари.

Во 2016 година, според податоците во деловните книги и прегледот за јавни набавки, вкупната вредност по склучени договори за реконструкција на фасадите на колективни станбени објекти, изнесува 148.105 илјади денари, а реализацијата по договорите, за што се добиени ситуации за извршени градежни работи, изнесува 59.002 илјади денари. Во текот на 2016 година, исплатени се средства од ставката на капитални расходи за реконструкција на станбени објекти (нови фасади, замена на кровови и лифтови), во вкупен износ од 33.788 илјади денари, за обврски по фактури и ситуации, кои потекнуваат од 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година.

Активностите што ги спроведува општината во подолг временски период, а кои се однесуваат во најголем дел на реконструкција на фасадите на одделни колективни станбени објекти на територијата на општината и замена на стари со нови кровови и лифтови, не се предвидени во надлежности на општината утврдени со член 22 од ЗЛС, член 15 од Законот за градот Скопје, членовите 101 и 102 од Законот за домувањето и не е во согласност со член 67-а од Законот за градење. Исто така, планирањето на средства од буџетот на општината, за реконструкцијата на станбени објекти, во програма за уредување на градежно земјиште, (потпрограма за урбано планирање) во капитални расходи, е несоодветно, од причина што, во оваа ставка, може да се планираат средства само за уредување на градежно земјиште.

**Препорака**

Органите на Општина Карпош, да го преиспитаат финансирањето на реконструкцијата на станбените објекти од буџетот на општината во кои влегува изработка на нова фасада замена на кров или лифт од причина што ваквите активности не се во надлежност на општината и влијаат на дополнително оптеретување на буџетот на општината.

4.3.3 Во текот на 2016 година извршени се плаќања по судски решенија од буџетот на општината, од различни ставки, врз основа на извршни исправи од кои најчесто се добиени налози за извршување од извршител со кои се врши присилна наплата од средствата на должникот, во овој случај Општина Карпош, поради ненавремено платени преземени обврски за извршени работи или услуги, од минати години. По овие извршни исправи, покрај исплатата на главниот долг, општината е задолжена и плаќа камата и останати трошоци (адвокатски, нотарски и трошоци за извршител). Со извршен увид во сметководствената евиденција и анализа на документацијата врз основа на ревидираните предмети и извршените исплати, се констатира следното:

- Во деловните книги евидентирани се исплати на средства од сметката на Општина Карпош, во својство на должник, врз основа на налозите за извршување изготвени од Извршител, кои не се поткрепени со соодветна документација за потврда на поединечните износи (задолжувањата) внесени во самиот налог за извршување (некомплетна сметководствена евиденција), поради што постои ризик од неправилно одземање на средства, во случај на погрешен основ или неточна пресметка на износот кој се наплатува.
- За пресметаната и исплатена камата, за кои во налогот се внесени основиците и периодите за пресметка на законска казнена камата (референтна стапка зголемена за 10%), не се обезбедени каматни листи за потврдување на износот на платената камата.
- Вообичаена пракса, при исплата на извршна исправа (налог за извршување) е главниот долг да се исплатува од средствата на соодветната ставка од кој произлегува обврската односно расходот, а каматата и другите трошоци се исплатуваат од ставка - плаќање по судски решенија. Во случај да нема средства од оваа ставка во моментот на исплата, тогаш и овие обврски (задолжувања) се вршат од соодветната ставка од кој произлегува обврската – главниот долг. Ревизијата утврди дека во 2016 година, врз основа на избран примерок, исплатени се средства за камата и останати трошоци, во вкупен износ од 102.965 илјади денари, од следните ставки, и тоа:
  - ✓ од ставката - плаќање по судски решенија, исплатени се средства во износ од 20.204 илјади денари, за камата и останати трошоци,
  - ✓ од ставките на капитални расходи, покрај главниот долг, исплатени се средства во вкупен износ од 80.448 илјади денари, од кои за

камата во износ од 15.429 илјади денари и за останати трошоци, во износ од 65.019 илјади денари, и

- ✓ од ставките на стоки и услуги, покрај главниот долг, исплатени се средства, во износ од 2.313 илјади денари, од кои за камата во износ од 1.991 илјади денари и за трошоци во износ од 322 илјади денари.

- Секторот за правни работи, по завршување на определен судски спор, врши навремена достава на добиени правосилни пресуди од надлежен суд (првостепена и второстепена пресуда), како и на останати извршни исправи од нотар и налози за извршување од извршител, до Секторот за финансиски прашања. Со писмо заведено преку архивата на општината, го известува секторот за обврските кои треба да се платат во определен рок, а во одредени случаи бара мислење од секторот дали да се поднесе жалба на донесена пресуда или не.
- Во секторот за финансиски прашања, пресудите кои се добиени од Секторот за правни работи и по кои општината има обврска да плати главен долг, со камата и трошоци, се примани и истите се одлагани во регистратор, но не е воведена соодветна евиденција за да може да се следат и навремено да се платат обврските кои произлегуваат од пресудите или решенијата со дозвола за извршување од нотарот, во својство на извршни исправи, за да се избегнат дополнителните трошоци за извршител, во присилна наплата.
- Од страна на Секторот за правни работи, на барање на ревизијата, изготвен е список на правосилни пресуди, со назив на доверител, износ на главен долг и трошоци (парнични и процесни), доставени до Секторот за финансиски прашања во текот на 2016 година, кои имаат својство на извршна исправа и по кои општината е должна да ги исплати овие обврски во определен рок. Меѓутоа, може да се констатира дека поголем дел од нив, не се платени во рокот определен во извршната исправа, поради што добиени се налози за извршување од извршител и обврските се наплатени во присилна наплата, со дополнителни трошоци за извршителот и дополнителна камата до денот на конечната исплата.
- Во Општина Карпош, постојат случаи кога, и покрај тоа што се запознаени со обврските за плаќање и рокот за нивна исплата, за истите не се преземаат мерки за плаќање по правосилна пресуда и се чека да се блокира сметката по извршен налог од Извршител, при што се плаќаат и дополнителни трошоци за извршителот.
- Исто така, постојат случаи кога иако работите или услугите се извршени од доверителот и потврдени од овластени лица на Општина Карпош, општината не ги плаќа обврските по фактурите/ситуациите навремено во согласност со договорениот рок туку се поднесува жалба или приговор, со што се пролонгира и одложува обврската за плаќање, а со тоа дополнително се плаќа камата на терет на општината. Имено, се чека доверителот да го пријави побарувањето од Општина Карпош преку

својот адвокат до Нотар, по што се добива Решение за извршување од Нотарот, на кое може да се достави приговор по што се влегува во судски спор или да не се достави, по што се добива налог за извршување од Извршител, со што се зголемуваат обврските према доверителот за пресметана камата, како и за дополнителни трошоци (адвокатски и нотарски), кои паѓаат на терет на општината.

- Во Општина Карпош, постојат судски спорови за чии обврски се потпишани договори за цесии како средство за плаќање на признаена обврска од општината према доверителот, а со кои доверителот го отстапува своето побарување на друг субјект према кој има обврска, поради што истите не би требало да бидат основ за поведување на судски спор со оглед на тоа дека со договорот за цесија се отстапува побарување кое е признаено со самото потпишување на цесијата.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 37-в, став 2 од Законот за буџетите и член 26 од ЗФЕЛС, и има за ефект ненаменско трошење на средства од буџетот на општината.

Од страна на ревизијата, може да се истакнат неколку поединечни случаи, карактеристични за одделни предмети, во кои е утврдена следната состојба:

- Во 2016 година, во деловните книги се евидентира главен долг за обврски по ситуации од 2010 година, по добиена извршна пресуда од Апелационен суд од 2014 година, при што главниот долг во износ од 4.721 илјади денари и каматата во износ од 3.570 илјади денари, се плаќаат после 3 години од добивањето на пресудата, со тоа што каматата се плаќа по допис од доверителот. Од причина што правосилните извршни пресуди не се евидентираат во деловните книги, ревизијата не се увери дали истата обврска и камата е платена и во претходниот период.
- Во 2016 година, извршена е исплата на средства во вкупен износ од 2.332 илјади денари преку извршител, на доверителот по основ на пресметана камата за каснење во плаќањето на обврската по ситуација, за што е изготвена каматна листа од вешто лице. Ревизијата не доби уверување дали каматната листа е примена во Општина Карпош од причина што истата не е евидентирана како обврска во деловните книги на општината. Во Општина Карпош, примено е Решението за дозвола на извршување од нотар, по кое не е поднесен приговор, со што општината се согласила за плаќање на обврска по каматна листа. Ваквиот начин на работење придонел за исплата на средства по основ на камата за доцнење во плаќањето на обврски за извршени работи, потврдени од Општина Карпош, која што е зголемена за дополнителни трошоци (адвокатски, нотарски, трошоци за извршител, и сл), како и плаќање на камата (законска затезна камата) пресметана на износ кој претставува камата. Причини за ваквата состојба може да бидат различни и тоа: немање на средства и неплаќање на обврските во рокот или се врши

селекција /избор на кого и кога ќе се плати без да се има во предвид периодот на доспеаноста.

- Постои случај во кој, обврските за главниот долг се однесуваат на обврски по завршни ситуации од 2012 и 2013 година, по склучени договори од минати години за реконструкција на паркинг простор, кои се потврдени и признаени од општината, а не се измирени во договорениот рок, поради што покрај главниот долг, се трошат средства и по основ на камати и дополнителни трошоци (адвокатски, нотарски и трошоци на извршител).
- Во друг случај, основот за плаќање по налогот од Извршителот, е поради ненавремено платени обврски по склучени договори од 2012 година, за што се извршени работи (реконструкција – асфалтирање на улици) внесени во завршни ситуации во 2012, 2013 и 2014 година, за кои доверителот има поведено судски спор пред надлежен суд и во кој Општина Карпош го има изгубено овој спор, за што е донесена Пресуда од Основен суд Скопје 2, Скопје, примена на ден 17.05.2016. На пресудата не е поднесена жалба до Апелационен суд, поради што општината имала обврска да го исплати вкупниот долг, утврден во пресудата, во рок од 8 дена од приемот на истата односно до 26.05.2016. Меѓутоа, долгот не е платен. И покрај тоа што, на ден 26.05.2016, е потпишана вонсудска спогодба помеѓу Општина Карпош и доверителот, за плаќање на вкупен долг од 4.608 илјади денари, (главен долг, камата, нотарски и парнични трошоци) на 4 еднакви рати, општината не се придржувала кон спогодбата, односно ратите не се плаќани поради што дошло до извршување односно наплата преку извршител. Поради ова, на општината, покрај долгот од 4.608 илјади денари, допресметана е и камата до денот на исплата, како и дополнителни трошоци за извршител во износ од 139 илјади денари, кои влегуваат во вкупните останати трошоци.
- Општина Карпош има добиено пресуда од Основен суд Скопје 2, Скопје, за изгубен судски спор со правен субјект, примена на ден 26.08.2015 година, на која нема доставено жалба поради што истата станала извршна исправа. Со донесување на пресудата, општината била должна да ги плати сите обврски наведени во истата, во рок од 8 дена, од денот на приемот на пресудата. Меѓутоа, истите не се платени, поради што доверителот, преку извршителот, ја доставил пресудата за присилна наплата, со што покрај обврските во самата пресуда, платени се и дополнителни трошоци со камата, до денот на исплатата.

Поради ваквиот начин на работење, на терет на буџетот на Општина Карпош, покрај главниот долг, кој најчесто потекнува од минати години (2012, 2013, 2014, 2015 година) и на кој се пресметува камата до денот на конечната исплата на долгот, во случај на спор пред надлежен суд или

добиен налог за извршување преку адвокат и нотар за присилна наплата од средствата на општината, а за кој не е поведен судски спор, исплатени се и дополнителни трошоци (адвокатски, нотарски, трошоци за извршител, процесни и парнични трошоци, и сл), и камата пресметана и наплатена за подолг временски период, во вкупен износ од 102.965 илјади денари, со што дополнително се оптеретува буџетот на општината за камати и трошоци и има за ефект нерационално трошење на средства по наведениот основ наместо подмирување на обврски за вршење на работи од јавен интерес од локално значење во корист на граѓаните.

**Препорака**

Во наредниот период, органите на Општина Карпош, заедно со Секторите за правни и финансиски прашања, да ги преземат следните мерки и активности, и тоа:

- Да се воведе соодветна евиденција за примени правосилни пресуди и извршни решенија, со податоци за доверителот, главниот долг, со износ и основ за плаќање, платените износи, датум и ставка од која е извршено плаќањето,
- Во сметководствената евиденција, да се изврши прекнижување на посебно аналитичко конто за главниот долг, за кој се води спор и за каматата пресметана во пресудата и еднаш годишно да се евидентира допресметана камата до 31.12., по каматна листа која ќе се обезбеди од соодветна институција.
- При носењето на буџетот на општината, да се планираат доволно средства за пресметаната доспеана камата и останатите трошоци по судски спорови кои се водат пред надлежен суд, во кои Општина Карпош е во својство на тужена странка.
- Да се информира Советот на соодветен начин преку изготвување на информација за разгледување на седница или преку внесување на податоци по овој основ во годишниот извештај, како и импликациите од можните изгубени судски спорови на терет на расходите, со што дополнително се врши оптеретување на буџетот на општината.

4.3.4 Во деловните книги на Општина Карпош, со состојба на 31.12.2016 година, искажани се обврски за ДДВ во износ од 24.969 илјади денари, кои се евидентирани и произлегуваат од обврски за ДДВ по даночни пријави за последните две тромесечија во 2016 година. Со ревизијата се констатира дека во текот на 2015 и 2016 година, обврските за ДДВ, од страна на Општина Карпош како даночен обврзник, не се измирувани согласно пропишаниот законски рок (со поднесување на даночната пријава, во рок од 25 дена по истекот на даночниот период, согласно член 43 став 2, а во врска со член 41 став 1 од ЗДДВ), односно дека дел од обврските за ДДВ искажани во даночните пријави, се ненавремено платени, поради што општината има

потрошено дополнителни средства за плаќање на камата за ненавремено плаќање на обврски за ДДВ, согласно член 121 и 123 од ЗДДВ, како и за плаќање на еднократна посебна такса на износот кој треба да биде платен (главен долг и камата) во висина од 5%, во случај на присилна наплата, согласно член 131 став 2 од Законот за даночна постапка.

Имено, Управата за јавни приходи во случај на ненавремено платен даночен долг, согласно член 121 од Законот за даночна постапка, доставува опомена за плаќање до даночниот обврзник, врз основа на податоци од својата евиденција, со која се повикува даночниот обврзник да изврши плаќање на даночните обврски кои не биле платени во роковите утврдени во член 43 став 2 од ЗДДВ и камата пресметана согласно член 123 од Законот за даночна постапка. Во случај кога даночниот обврзник нема да ги плати обврските за главен долг и камата, веднаш, а најдоцна во рок од 7 дена од приемот на опомената УЈП врз основа на член 140 став 1 т. 1 и став 2 од Законот за даночна постапка, изготвува Решение за присилна наплата на даночните обврски од паричните средства од сметката на даночниот должник, при што се пресметува и наплатува еднократна посебна такса на износот кој треба да биде платен (главен долг и камата) во висина од 5%, во случај на присилна наплата, согласно член 131 став 2 од Законот за даночна постапка.

Во текот на 2016 година, УЈП со донесеното решение извршила блокирање на сметката на Општина Карпош додека не се исплатил целосно долгот, со камата и такси према државата, а во 2017 година не е извршена блокада на сметката на Општина Карпош, во моментот кога се наплатувало по решението за присилна наплата од февруари 2017, ниту пак е извршена блокада по последното решение од август 2017, иако не се наплатени даночните обврски спрема државата. Со ваквиот начин не е постапено согласно член 142 од Законот за даночна постапка, според кој решението за присилна наплата има приоритет во наплатата и се извршува пред сите други налози.

Врз основа на претходно наведеното, може да се констатира дека Општина Карпош во текот на 2015, 2016 и 2017 година, не обезбедувала доволно средства за плаќање на достасаните даночни обврски спрема државата по основ на ДДВ, кои во најголем дел произлегуваат од обврската која ја има согласно член 32-а од ЗДДВ, поради што во изминатиот период има платено дополнителни средства за камата во износ од 2.229 иљади денари и посебни еднократни такси на износот на неплатен главен долг и на каматата, во износ од 2.643 иљади денари, односно вкупно 4.872 иљади денари, со што дополнително е оптеретен буџетот на општината и има за ефект нерационално трошење на средства наместо истите да се користат за намени во надлежност на општината согласно одобрениот буџет односно за

вршење на работи од јавен интерес од локално значење во корист на граѓаните на територија на Општина Карпош.

**Препорака**

Во наредниот период, органите на Општина Карпош, да обезбедуваат доволно финансиски средства од буџетот на општината за навремено плаќање на ДДВ, согласно законските пропишани рокови, со цел да се избегнат дополнителните трошоци за камата и посебни еднократни такси.

4.3.5 Во ноември 2014 година врз основа на член 11 став 5 и член 36 од ЗЛС, а во врска со член 20 од ЗФЕЛС, донесена е Одлука од Советот за долгорочно задолжување на Општина Карпош, со заем кај финансиска институција, во износ од 160.000 илјади денари, со намена за: изградба, одржување, реконструкција и заштита на сервисни и станбени улици и други инфраструктурни објекти во надлежност на општината, изградба и одржување на јавно осветлување на станбени и сервисни улици, како и реконструкција и санација на објекти на јавни установи општински детски градинки на територијата на општината[1].

Во ноември 2014 година согласно Законот за јавен долг, до МФ доставено е барање за задолжување за Проектот за долгорочно задолжување, со податоци за проектот и податоци за финансиски капацитет на општината, на кое што барање МФ, по направената анализа на кредитната способност и искажаното позитивно мислење за финансискиот капацитет на Општина Карпош, има дадено согласност за задолжување на општината во износ од 160.000 илјади денари.

По донесената одлука од Советот и согласноста од МФ во декември 2014, доставени се барања за финансиска понуда за долгорочно задолжување за проектот, до три деловни банки, кои се разгледани од страна на комисија при МФ, по што донесен е заклучок дека доставената понуда од една деловна банка е најповолна со предлог до градоначалникот да донесе одлука за избор на најповолен кредитор за финансирање на проектот. Исто така, на 23 декември 2014 година, Владата на РМ има донесено Одлука за задолжување на Општина Карпош со долгорочен кредит, со која општината се задолжува кај деловната банка со долгорочен кредит во износ од 160.000 илјади денари, со намена за финансирање на Проектот, опишан претходно, под следните услови: рок за враќање 10 години, со вклучен 1 година грејс период, каматна стапка променлива и изнесува 6,2% годишно и провизии пред користење на кредитот (еднократен надомест во висина од 0,5% на одобрениот кредит и 0,5% од износот на искористените средства, но не повеќе од 150 илјади денари).

[1] Одлуката е објавена во Службен гласник на Општина Карпош, бр. 19 од 13 ноември 2014 година

На седницата одржана на 30 декември 2014 година, Советот донел Одлука за измена и дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Карпош, со која се дополнува член 1, со текстот: со рок на отплата од 10 години од денот на првото користење, со каматна стапка од 6,2% во кој е вклучен грејс период од 12 месеци и се додава нов член 1-а, во кој е наведено дека се дава согласност, како обезбедување на кредитот Општина Карпош во корист на деловната банка, да воспостави заложно право на недвижен имот на деловен објект (идна градба) на КП 1673/3 со површина од 5661 $м^2$, евидентиран во лист за прибележување на градба бр. 79261 КО Карпош и право на долготраен закуп врз земјиштето како и сите останати права поврзани со земјиштето на КП 1673/3 евидентирано во Имотен лист бр. 47864 КО Карпош. Исто така, Советот дава согласност Општина Карпош да издаде три бланко сопствени акцептирани меници со право за пополнување и употреба од деловната банка за наплата без протест. Во одлуката, се менува и член 2 став 2, со тоа што градоначалникот се овластува да потпише договор за одобрување на долгорочен кредит на износ од 160.000 илјади денари со рок на отплата од 10 години со вклучен грејс период, со намена за проектот опишан претходно, да склучи и да го потврди пред Нотар нотарскиот акт-договор за залог на недвижен имот и сета останата документација потребна за пред надлежен нотар[2].

На ден 29.12.2014 година, склучен е Договор за одобрување на долгорочен кредит со банката на износ од 160.000 илјади денари. Во март 2015 година, Општина Карпош ја има доставено Одлуката за долгорочно задолжување на општината со заем кај финансиската институција и согласност за користење на средствата од заемот бр. 08-2033/10 од 12.03.2015, (целосна со вклучени измени и дополнувања), до Министерство за финансии (Сектор за меѓународни финансиски односи, Управување со јавен долг).

Средствата во вид на долгорочен кредит од деловната банка се примени на сметка на Општина Карпош во февруари и октомври 2015 година во вкупен износ од 160.000 илјади денари, а вкупната обврска за пресметана камата по амортизациони планови изнесува 48.347 илјади денари. Со состојба на 31.12.2016 година вкупната обврска за главен долг изнесува 149.788 илјади денари, а вкупната обврска за камата изнесува 41.917 илјади денари, како обврски по договор за долгорочен кредит за наредниот период.

Со ревизијата се констатира дека средствата добиени од деловната банка во вид на долгорочен кредит, не се искористени за намената за која се одобрени односно за финансирање на нов Проект за изградба, одржување, реконструкција и заштита на сервисни и станбени улици и други инфраструктурни објекти, во надлежност на општината, изградба и одржување на јавно осветлување на станбени и сервисни улици, како и

[2] Одлуката е објавена во Службен гласник на Општина Карпош, бр. 19 од 31 декември 2014 година

реконструкција и санација на објекти на јавни установи општински детски градинки на територијата на општината, како што е наведено во барањето за задолжување, доставено до Министерството за финансии и одобрено со добиена согласност, за кое се донесени одлуки од Советот на Општина Карпош, и донесена Одлука, од Владата на РМ. Имено, овие средства примени во февруари и октомври 2015 година, целосно се искористени во 2015 година за плаќање на заостанати неизмирени обврски од минати години (2011, 2012,...), во вкупен износ од 160.000 илјади денари, што не е во согласност со член 20 став 6 и 26 од ЗФЕЛС, според кој средствата обезбедени со долгорочно задолжување се користат за намената за која се одобрени.

Од причина што Општина Карпош во подолг временски период не е ликвидна односно со буџетот на општината не се обезбедуваат средства за навремено измирување на преземените обврски, истата се задолжува за долгорочен кредит, кај деловна банка, од кој што произлегуваат дополнителни обврски за камата, со што дополнително го оптеретува буџетот на општината што има за ефект ненаменско и нерационално трошење на средства по наведениот основ наместо подмирување на обврски за вршење на работи од јавен интерес од локално значење во корист на граѓаните.

**Препорака**

Во наредниот период, органите на Општина Карпош, во случај на задолжување на општината, да ги користат средствата за намената за која се одобрени, согласно законските прописи.

**Јавни набавки**

4.3.6 Со извршениот увид во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавните набавки, и тоа:

- Во Планот за јавни набавки за 2016 година, предвидени се вкупно 270 постапки за јавни набавки на стоки, услуги и работи, од кои најбројни се постапките за јавна набавка на работи, чиј број изнесува 190.
- Во општината, воспоставена е пракса на планирање и спроведување голем број на постапки со ист предмет на набавка, така што спроведени се 34 постапки за јавна набавка за работи-реконструкција и санација на фасади на станбени згради на одделни улици, 42 постапки за јавна набавка на работи-реконструкција, алсфалтирање на одделни улици, 6 постапки за реконструкција на паркинг, 9 постапки за обнова на цветен расад и сл. или

- Спроведени се неколку одделни постапки за јавна набавка со различен предмет на набавка на работи за една иста улица, така што најкарактеристични се улица Јуриј Гагарин, за која се спроведени 14 постапки за јавни набавки на работи, улица Миле Поп Јорданов - 7 постапки за јавна набавка на работи, улица Вич - 3 постапки за јавни набавки на работи, и сл.

Со ваквиот начин на спроведување на постапките за јавни набавки, општината врши делење на договорите за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност, што не е во согласност со член 27 од ЗЈН. Доколку општината спроведува неколку соодветни постапки за јавни набавки на работи со групирање на набавките на работи по сродност на предметот на набавка во лотови, а при тоа предметот на набавката е деллив, општината би постапила согласно одредбите од член 2, 15 став 2 и 32 став 1 од ЗЈН.

4.3.7 Во текот на 2012 година, донесена е Одлука за јавна набавка со која била планирана изградба на нов административен објект, на износ од 80.000 илјади денари. Од 2012 година заклучно со 2016 година, спроведени се уште 9 постапки за јавни набавки на работи што се однесуваат на изградбата, со што вкупната планирана вредност за изградба на објектот се зголемила и изнесува 235.235 илјади денари. Во овој период, за изградбата на објектот, склучени се договори за јавна набавка, во вкупна вредност од 178.895 илјади денари, а вкупната реализација по добиени ситуации за извршени работи изнесува 103.771 илјади денари, а изградбата `се уште трае. Со изградбата на објектот во подолг временски период, за која што се спроведуваат поголем број на поединечни постапки за јавни набавки, со што се врши делење на договорите за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност, без да се направи реална проценка на вкупната планирана вредност на објектот, не се почитува член 2 и 27 од ЗЈН, со кој се предвидува транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавна набавка, рационално и ефикасно користење на средствата.

4.3.8 Во 2016 година, во дел од постапките за јавни набавки, врз основа на избран примерок, Изјавите за непостоење на судир на интереси, не беа потпишани од страна на Градоначалникот и членовите на Комисиите за јавна набавка, што не е во согласност со член 62 од ЗЈН. Во интерната Процедура за јавна набавка е наведено дека документацијата од спроведената постапка се доставува на увид во Секторот за правни работи, за да ја провери усогласеноста на постапката со одредбите на ЗЈН, а потоа истата се доставува и до Секретарот на општината заради одобрување за понатамошно постапување. Во пракса Секторот за правни работи ја оценува усогласеноста на постапката само до донесување на Извештајот за

спроведена постапка, а потоа контрола не постои бидејќи до крајните фази во постапката не се врши увид во документите од страна на надлежните лица, поради што не се превземаат активности доколку не се потпишани Изјавите за непостоење на судир на интереси. Ваквата состојба на спроведување на голем број на постапки за јавни набавки во текот на една календарска година, а при тоа не е воспоставена контролата во сите фази на постапката до склучување на договорите за јавна набавка, доведува до неувереност во квалитетот во постапувањето, економичноста и ефикасноста при спроведување на одредбите од ЗЈН.

4.3.9 Во Планот за јавни набавки за 2016 година, предвидени се вкупно 42 постапки за јавна набавка за работи: реконструкции на фасади на станбени објекти кои се наоѓаат на поединечни улици, лимарски работи, препокривање на кровови и слично, со вкупно планирана вредност од 213.603 илјади денари, и склучени договори во вкупен износ од 140.678 илјади денари, при што ревизијата ја констатира следнава состојба:

- Во Буџетот на Општината и во Програмата за уредување на градежно земјиште, се предвидени средства на ставката за реконструкција на станбени објекти, врз основа на која се донесени неколку Одлуки за одобрување на финансиски средства за реконструкција на фасадите на станбените згради, донесени од Советот на Општина Карпош, во кои се наведени податоци за конкретните станбени згради и улици каде се наоѓаат, а кои податоци треба да бидат усогласени со Планот за јавни набавки за 2016 година. Со ревизијата се констатира дека во Одлуките се наведени станбени згради за кои се обезбедени средства, но истите не се наведени во Планот за јавни набавки, и состојба во која е спроведена постапка за јавна набавка за реконструкција на фасада на станбена зграда која не е опфатена со овие одлуки, како што се:
    - ✓ Во Одлуките за одобрување на финансиски средства, се наведени реконструкции на фасади на станбени згради кои се наоѓаат на ул. Јуриј Гагарин бр. 35, ул. Желево бр.1, бул. Партизански Одреди број 83 и бул. 8-ми Септември бр. 14, за кои се обезбедени средства, но истите не се вклучени во Планот за јавни набавки за 2016 година.
    - ✓ Во измената на Одлуката, од јули 2016 година, е избришана реконструкцијата на фасади на станбената зграда на ул. Волгоградска број 6, а спроведена е постапка за јавна набавка и склучен е договор со избран понудувач.
- Со извршен увид во техничките спецификации, прилог кон тендерските документации во ревидираните постапки, ревизијата констатира дека се користат технички спецификации во кои најголем дел од позициите се исти. Ваквата состојба би се избегнала доколку Општината наместо да спроведе во текот на една календарска година вкупно 42 поединечни постапки за јавна набавка за секоја фасада на станбена зграда на

поединечна улица, истото ќе го реализирала со неколку постапки во текот на годината, со предмет на набавка групиран во делови, со што би се заштедило во време, човечки ресурси и финансиски средства, при спроведувањето и реализацијата на договорите за јавни набавки.

Согласно наведеното, може да се констатира дека начинот на кој што општината ги спроведува постапките за јавни набавки за реконструкција на станбените објекти, не е во согласност со членовите 2 и 27 од ЗЈН.

**Препорака**

Во наредниот период, градоначалникот и Секторот за јавни набавки, заедно и во соработка со останатите сектори, од каде што произлегува потребата за јавна набавка, да ги преземат следните мерки и активности, и тоа:

- Планот за јавни набавки, кој се носи на годишно ниво, да биде одраз на реалните потреби за набавки на општината, при што да се врши групирање на набавките на работи по сродност на предметот на набавка во лотови, заради спроведување на соодветни постапки за јавни набавки.
- Да се почитува донесената процедура за јавни набавки, особено во делот на зајакнување на контролата во сите фази на постапката за јавна набавка, со што во целост ќе се обезбеди законското постапување во процесот на јавни набавки.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 4.1.,4.2. и 4.3. кои се основ за изразување мислење, се однесуваат на: изградба на административен објект на општината, започната во 2011 година и е во тек на градба, се врши врз основа на изменет проект без одобрение од Советот, и без изменето одобрение за градба; исплата на средства за: рекреација на вработените, медиумски закуп, монтажа и демонтажа на урбана опрема за организирање на манифестации, музички настап и концерти на естрадни уметници од земјата и странство, адвокатски услуги, за кои се приложени фактури врз основа на склучени договори од минати години, и за кои не е обезбедена соодветна документација за потврда на потрошените средства, исплата на средства за привремено ангажирани лица за вршење на административни работи и за одржување на јавна чистота, чиј број го надминува и бројот на редовно вработените во општината; исплата на средства, врз основа на решенија за реализација на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита, и културата, за кои се доставени извештаи со опис на реализираните активности, но без финансиски податоци и пропратна документација; исплата на средства на спортски клубови, врз основа на решенија за одобрени средства во вид на финансиска поддршка, спонзорство или материјална поддршка за реализација на проекти, за кои се

доставени извештаи без финансиски податоци и пропратна документација; за донацијата или спонзорството не се склучува договор и не се изготвува извештај до надлежните институции, не се води помошна евиденција на издадени решенија и се вршат исплати по решенија од минати години, од буџетот на општината за 2016 година; не е извршен целосен и квалитетен попис на средствата и обврските, односно истиот се заснова на сметководствените податоци искажани во деловните книги; за дел од недвижниот имот (земјиште и објекти) не е запишано правото на сопственост, а за дел од објектите и земјиштето во целост, за кои има документ, не се евидентирани, или несоодветно се евидентирани; изградбата на бараките во кои е сместена општинската администрација, кои се користат и `се во употреба од март 2013 година, е извршена без да се обезбеди одобрение за градење и одлука од Советот, при што има и непризнаени и неевидентирани обврски за изградбата, за кои се водат два судски спора, кои се во тек; потрошени средства за закуп на медиумски простор и другите видови на рекламирање на општината, за обврски по склучени договори во период од 2012 до 2015 година, за кои не е донесена програма, и не се одобрени средства за оваа намена, од Советот, а се исплатени средства од годишниот буџет за 2016 година, кој е наменет за други потреби; преземени активности за реконструкција на фасадите на одделни колективни станбени објекти, и замена на стари со нови кровови и лифтови, на нејзина територија, за што се потрошени значителен обем на средства од годишните буџети на општината, а кои активности не се во надлежност на општината; извршени плаќања по судски решенија од буџетот на општината, од различни ставки, врз основа на извршни исправи, од кои најчесто се налози за извршување од извршител за присилна наплата од средствата на должникот, поради ненавремено платени преземени обврски за извршени работи или услуги, од минати години, за што општината, покрај исплатата на главниот долг, е задолжена и плаќа камата и останати трошоци (адвокатски, нотарски и трошоци за извршител); обврските за ДДВ од страна на општината како даночен обврзник, не се платени согласно пропишаниот законски рок поради што општината има потрошено дополнителни средства за камата и еднократна посебна такса; средствата добиени од деловна банка во вид на долгорочен кредит, не се искористени за намената за која се одобрени, односно истите целосно се потрошени во 2015 година, за плаќање на заостанати неизмирени обврски од минати години; во планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки, констатирани се случаи на зголемен број на поединечни постапки, со што се врши делење на договорите за јавни набавки за работи на повеќе посебни договори со пониска вредност и не се спроведува соодветна постапка согласно законот.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. од овој извештај ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Општина Карпош, сметка на основен буџет (637), на ден 31 декември 2016 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1, и 4.3. погоре, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Карпош, сметка на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

**Финансиска задолженост на Општина Карпош**

6.1 Општина Карпош е една од десетте општини во градот Скопје, која во подолг временски период е задолжена што се должи на преземени краткорочни и долгорочни обврски во изминатиот период кои секоја година се зголемуваат, така што со состојба на 31.12.2016 година, достигнувааат вредност до ½ од реализираните (остварени) приходи на основниот буџет за 2016 година, кој изнесува 650.000 илјади денари.

Согласно член 32 од ЗФЕЛС, Општина Карпош до Министерството за финансии, редовно доставува квартални извештаи за состојбата на ненамирени обврски, со податоци за старосна структура, во зависност од рокот на доспеаност, при што во последниот квартален извештај, се внесени следните податоци, и тоа:

- Со состојба на 31.12.2015 година, искажана е вкупна вредност на достасани ненамирени обврски во износ од 351.093 илјади денари, која се состои од ненамирени обврски до 30 дена, во износ од 104.769 илјади денари и обврски до 60 дена, во износ од 246.324 илјади денари.
- Со состојба на 31.12.2016 година, искажана е вкупна вредност на достасани ненамирени обврски во износ од 366.190 илјади денари, која се состои од ненамирени обврски до 30 дена, во износ од 10.672 илјади денари, обврски до 60 дена, во износ од 30.354 илјади

денари и обврски над 60 дена, во вкупен износ од 325.164 илјади денари, од кои утужени, во износ од 22.116 илјади денари и неутужени во износ од 303.048 илјади денари.

- Со состојба на 30.06.2017 година, искажана е вредност на достасани ненамирени обврски во износ од 439.093 илјади денари, која се состои од ненамирени обврски до 30 дена во износ од 7.654 илјади денари, обврски до 60 дена во износ од 52.024 илјади денари и обврски над 60 дена во вкупен износ од 379.415 илјади денари, од кои утужени во износ од 93.235 илјади денари и неутужени во износ од 286.180 илјади денари.

Во деловните книги и финансиски извештаи на Општина Карпош за 2015 и 2016 година се искажани следните податоци за краткорочни и долгорочни обврски, и тоа:

- Со 31.12.2015, вкупни обврски, во износ од 364.831 илјади денари, искажани како краткорочни обврски.
- Со 31.12.2016, вкупни обврски, во износ од 647.739 илјади денари, од кои краткорочните обврски изнесуваат 422.699 илјади денари, а долгорочните обврски, изнесуваат 225.040 илјади денари.

Со ревизијата се констатира дека постојат и голем број на неевидентирани обврски во деловните книги по завршени судски предмети, за кои општината има добиено извршни исправи, и по кои е задолжена за плаќање на обврски, кои се достасани, а се однесуваат на обврски за камати и дополнителни трошоци.

На претходно наведеното, може да се додаде дека Општина Карпош е тужена страна, во голем број на судски предмети, чија што вредност до денот на ревизија достигнува до износ од 512.059 илјади денари, од која главниот долг изнесува 446.915 илјади денари, и камата, пресметана до одреден датум во судските спорови, во износ од 65.144 илјади денари. Од причина што станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, оваа вредност не е конечна, поради што во зависност од конечниот исход, во корист или на штета на општината, постои голема веројатност од дополнителни обврски по завршување на одделни судски спорови, кои значително ќе го оптеретат буџетот на општината, во наредниот период.

Поради ваквата состојба, во која што не се обезбедуваат доволно средства во буџетот на Општина Карпош, за измирување на преземени достасани обврски во подолг временски период, и во која постојат потенцијални дополнителни обврски по судски предмети, во која општината е тужена страна, постои ризик од финансиска нестабилност на општината, за која согласно законот, ќе биде потребно да се преземат соодветни мерки од страна на градоначалникот, Советот на општината, и надлежните институции во државата (МФ, МЛС, ЗЕЛС), за надминување

на евентуална финансиска нестабилност на општината. Имено, финансиска нестабилност, согласно ЗФЕЛС, настанува кога сметката на општината е блокирана подолго од шест месеци или во период од шест месеци, континуирано секој месец, при што со состојба на крајот од месецот, вкупниот износ на ненамирени обврски над 60 дена, да го надминува 80% од реализираните приходи на основниот буџет на општината во претходната година.

## 7. Останати прашања

### Законски одредби за финансирање на активности од областа на спортот

7.1 Финансирањето на активностите од областа на спорт и рекреација, се предвидени во листата на надлежности на општините, согласно член 22 став 1 т. 6 од ЗЛС, меѓутоа не и во надлежности на општините во градот Скопје, во кои спаѓа и Општина Карпош, дефинирани во член 15 од Законот за град Скопје, според кој во работи од јавен интерес не е вклучен спортот, како надлежност на општините во градот Скопје, односно согласно член 10 став 1 од истиот закон, оваа надлежност е дадена на градот Скопје.

Од друга страна, во член 22-а од Законот за спортот, се утврдени надлежностите на општините, општините во Град Скопје и Град Скопје, во областа на спортот, меѓу кои се: развој на масовниот спорт и рекреативни активности на граѓаните, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, поддршка и унапредување на спортот, спортски клубови и професионални спортски клубови и поддржување на општинските сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје, а за нивно остварување, советите на општините и Советот на градот Скопје или комисијата на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје надлежна за спортот, донесуваат програми на предлог на општинските спортски сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје. Исто така, според овој член, програмите се финансираат од буџетот на општините и буџетот на Град Скопје, донации и спонзорства, а за исполнување на програмите и роковите утврдени во нив, до советите на општините и Советот на град Скопје, сојузите на спортови на општините и Сојузот на спортови на градот Скопје, поднесуваат извештај.

Согласно наведеното, ревизијата е на мислење дека е потребно усогласување на законските прописи од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите во областа на спортот, за општините во градот Скопје, начинот и условите на донесувањето на посебна програма во рамките на општината, донесена

од Советот, и финансирањето на ваквите активности од средствата одобрени со буџетот на општината.

3.

**Општина Карпош**
**Сметка на основен буџет (637)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 653.469 | 476.212 |
| **Вкупно приходи** | | **653.469** | **476.212** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 74.183 | 67.739 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 222 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 213.200 | 167.576 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 9.877 | 6.880 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 86.487 | 71.816 |
| Социјални бенефиции | 3.2.6. | 5.442 | 2.216 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **389.411** | **316.227** |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 253.846 | 159.985 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **253.846** | **159.985** |
| **Отплата на главнина** | **3.4.** | **10.212** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **653.469** | **476.212** |

**Општина Карпош**

**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.1. | 10.898 | 0 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 252 | 32 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 647.519 | 364.831 |
| Залихи | 4.1.4. | 4.058 | 410 |
| **Вкупно тековни средства** | | **662.727** | **365.273** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 3.544 | 2.135 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 1.236.863 | 1.094.712 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 195.114 | 134.291 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.435.521** | **1.231.138** |
| **Вкупна актива** | | **2.098.248** | **1.596.411** |
| **Вонбилансна евиденција - активни сметки** | **4.3.** | **355.837** | **355.837** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.4.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 389.778 | 349.530 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.4.2. | 221 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.3. | 24.969 | 9.537 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.4.4. | 1.936 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.5. | 5.795 | 5.764 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.6. | 206.043 | 134.323 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **628.742** | **499.154** |
| **Долгорочни обврски** | **4.5.** | **225.040** | **0** |
| **Извори на средства** | **4.6.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.6.1. | 1.244.466 | 1.097.257 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.244.466** | **1.097.257** |
| **Вкупна пасива** | | **2.098.248** | **1.596.411** |
| **Вонбилансна евиденција - пасивни сметки** | **4.7.** | **355.837** | **355.837** |



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ________________
2. ________________
3. ________________

**Општина Карпош**

**Сметка на основен буџет (637)**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2016 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2016 година** | **1.096.847** | **410** | **1.097.257** |
| **Зголемување по основ на:** | **173.361** | **16.688** | **190.049** |
| Набавки | 147.734 | 16.688 | **164.422** |
| Пренос од инвестиции во тек во градежни објекти | 25.627 | | **25.627** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | **29.800** | **13.040** | **42.840** |
| Отпис на капитални средства (расход) | 7.108 | | **7.108** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 22.692 | | **22.692** |
| Потрошени материјали | | 13.040 | **13.040** |
| **Состојба 31.12.2016 година** | **1.240.408** | **4.058** | **1.244.466** |

13.03.2018
12-30/6
08.03.2018
15:50

До
Државен завод за ревизија
Заменик главен државен ревизор
Г-дин Насер Адеми

Предмет Забелешки по Нацрт извештај

Во врска со доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година за општина Карпош Ви ги доставувам забелешките и воедно Ве замолувам да ги земете во предвид бидејќи доцна го добив Нацрт извештајот на ден и не бев во можност да Ви ги доставам забелешките.

Стевчо Јакимовски

**Забелешки на На нацрт извештајот на општина Карпош на Основниот Буџет(630)**

4.1.4 Ве известуваме дека општина Карпош има висок степен на наплата на приходите поради тоа што општината за го зголеми процентот на наплата беше првата и единствена општина во град Скопје што почна самта преку вработените во урбаните заедници да ги дели даночните решенија на своите даночни обврзници . На тој начин се постигна поголема ефикасност во доставување и наплата на даноците бидејќи во исто време се зголеми бројот на даночни обврзници со пронаогање на нови кои не го пријавиле својот имот од разни причини. Бидејќи од друга страна вработените во поштата не се толку експедитивни и нив не ги интересира дали сите граѓани добиваат даночни решенија или не зошто само нивна работа е достава не и да гледаат кои има а кој нема даночно решение.

Општината доставува редовно списоци до град Скопје за грешки кои ќе ги утврдат на терен вработените се со цел да се исправи базата на податоци која ја ажурира градот .

Општината ги провери и ги внесе во даночната евиденција сите денационализирани земјишни парцели

Општината наназад за повеќе години изврши блокирање на сметките на даночните обврзници кои не го платиле навреме данокот на имот до 31.12. за предходната година.

Општината го зголеми процентот на данокот на промет на недвижностза 0,5 %

Општина Карпош постојано бара од град Скопје да се изврши ревалорација на вредноста на имотот со цел вистинито и точно утврдување на вредноста на основицата.

Како што Ви беше потенцирано и при вршење на ревизијата дека Регистарот на недвижен и подвижен имот е должност да го доставува град Скопје до Централен регистар и Управата за јавни приходи, а не општините во град Скопје

Не се точни наодите дека одделението за наплата на даноци од 5 извршители е пополнето само едно работно место

Во врска со пописот на побарувања на општината не спровела целосен попис на побарувањата во деловните книги, општината за да може да ги внесе во евиденција има соодветен документ каде што се гледа правниот основ , а тоа е договор и соодветни фактури, значи општината не може да книжи без соодветен документ и во самата картица е наведен правниот основ.

За спорните побарување од минатите години постојат документи со што се внесени во книговодствената документација во минатото, но тие не биле побарани на увид во текот на ревизијата .

Извршен е попис на обврските за ДДВ бидејќи Ви е доставена ексел табела и картица од УПЈ кои уредно Ви беа е доставени од страна на стручните служби за да се уверите во точноста и веродостојноста на податоците .

По препораката во врска со квалитноста и целосноста на пописот на побарувањата и обврските евидентирани во деловните книги сметаме дека пописот е уредно и целосен и квалитетен затоа што во тејкот на ревизијата можевте да се уверите во веродостојноста бидејќи сите книговодствени документи Ви беа доставени уредно и Ви беа достапни за дополнителни контроли.

Во врска со евидентирањето на приходите кои потекнуваат од даноците и надоместоците на правните и физички лица таа е законска обврска на Град Скопје и никогаш до сега ниту една ревизија која го ревидирала работењето на општина не ставила забелешка на приходите кои ги собираме заедно со Град Скопје бидејќи тој проблем е заеднички за сите градски општини кои ги делат приходите, бидејќи сите податоци околу облог за данок на имот и данок на промет на недвижности се евидентираат во Град Скопје.

**Забелешки на На нацрт извештајот на општина Карпош на Основниот Буџет(637)**

Страна 7 точка 4.1.
Одговор: Вашата забелешка дека советот на Општина Карпош треба да донесе измена во тек на градба не е точна. Советот на општината носи одлука за **инвестициона градба, но не и за градежна дозвола** па аналогно на тоа советот на општината не носи одлука ниту за измени во тек на градба.
Страна 9, прва црта бр.1 - Вие констатирате дека се намалени количините од основиот проект.
Одговор: Со ова не се повредени одредбите од законот за јавни набавки. Намалувањето на количините е направено во интерес на намалување на оптеретување на буџетот (заштита).
Црта бр.3
Одговор: Во двата договори склучени по спроведена јавна набавка, обврската за плаќање е **до 36 месеци**. Тоа значи дека било кој момент да се плати до 36 месеци е во согласност со договорот. Напоменување дека ниту една фактура не е платена веднаш туку секоја е платена после неколку месеци.
Црта бр.4
Одговор: Не е предвидена како развојна програма затоа што општинската зграда се предвидува во програмата Ф2 наместо во програмата ЕА. **Ова е направено по консултации со Министерство за Финансии (сектор Трезор)**.
Страна 10 црта 6 - Вие тврдите дека според член 18а, од законот за финансирање на ЕЛС општината не може да воспостави заложно право врз имот кој служи за вршење на дејност од јавен интерес.
Одговор: Објекти од јавен интерес во сопственост на ЕЛС се: **училишта, градинки, културни домови, театри. Административна општинска зграда не е објект од јавен интерес.** Во неа не се обавува дејност од јавен интерес. Согласно ДУП намената е Б4 (Државни институции и ЕЛС).
Страна 11 - црта бр.3 -"не е извршен попис на обврски за ДДВ"
Одговор: При ревизијата ви беше доставен попис за обврските за ДДВ, во **ексел табела**. се уверивте во веродостојноста и точноста на податоците. Не ни е јасно зошто ја пишувате оваа забелешка.
Страна 11 - 4.1.2 црта 3 - Вие тврдите дека ревизијата не се увери дека има позитивно мислење од Државното Правобранителство
Одговор: ------------------------------------------------------------------------
Страна 11 - црта бр.4
Одговор: Сметаме дека пописот е уредно, целосно и точно направен. сите уплати по основ на аванс се книжат по реализацијата на обврските.
Страна 11 - точка 4.1.2 - Ревизијата не се увери дека Советот на Општина Карпош има донесено Одлука за намалување на површината на земјиштето
Одговор: Ова е погрешно утврден факт. Советот на Општина Карпош **има донесено одлука.** Одлуката е донесена кога е усвоен урбанистичкиот план и тоа два пати. во нацрт и во предлог верзија е гласано за поделба на парцелата.

Страна бр.12 во делот на препорака точка 4.1.3 црта 1 - Исплатени се средства за закуп на деловен простор - магацин во 2016 година во износ од 1.554.000,00 (еден милион петстотини педесет и четири ) наместо 247.000,00 (двесте четириесет и седум илјади) и потрошени средства во поголем износ за 1.307.000 илјади денари зошто е намалена површината од 457 метри квадратни на 150 метри квадратни за што требало да се намали закупнината.
Одговор: намалувањето од 472 метри квадратни на 150 метри квадратни не е реално извршено. **Се работи за печатна грешка.** За време не ревизијата е понудено да се отиде на лице место и да се провери колку квадратни метри се користат. Тој магацин од 472 метри квадратни се користи и денес.
Оттаму наводите дека се потрошени 1.307.000 илјади денари повеќе се неточни, а вашата ревизија била должна да ја утврди фактичката состојба доколку се сомневале.
Страна 13 - во делот на препораките од 4.1.3 црта 4
Одговор:------------------------------------------------------------------------
Страна 13 црта 5 - вие тврдите дека нема доказ за извршените адвокатски услуги
Одговор: **Докази има во секој предмет има кој го застапувал односно застапувањето на адвокатите.**
Страна 16, црта 3 - електронската евиденција не работела во подолг временски период
Одговор: Кога не работела електронската евиденција секој службеник се потпишувал во книга за присуство со точен термин кога дошол и кога заминал. Сектретарот на општината наутро во 7:30 часот на зема тетратката за присуство и ја поставува за потпис во 15:30 часот.
Страна 16, црта 4 - Општина Карпош не превзела мерки и активности за вработување на неопределено време на работници согласно законот за административни службеници
Одговор: Цела 2015 и голем дел од 2016 година законот за административни службенивци не функционираше заради неусвоената номенклатура од страна на владата. Во 2017 година до крајот на Мај немаше влада, потоа 15 дена беа одземени ингеренциите на градоначалниците, а од 6ти Август беа распишани локалните избори. Тоа значи дека немало време кога да се спроведе процедура за вработување и во 2016та година од 10ти Октомври беа распишани избори кога не се врши прием на работници. Тоа знали речиси 3 години не сме можеле да вработуваме од определено на неопределено работно време.
Страна 17 точка 4.1.5 црта 3 - Исплатени средства од 200.000,00 (двесте илјади денари)денари на едукативен центар, а проектот наводно не бил реализиран
Одговор: Проектот е реализиран и платен. Но, едукативниот центар имал два одобрени проекти, едниот е реализиран а другиот не е, за што има извештај и изјава. Платен е само реализираниот проект.
Страна 8 точка 4.1.5 црта 7 - Исплатени се средства по договор во износ од 2.500.000,00 денари за реализација на Карпошово Културно Лето иако со програмата е одобрено 1.500.000,00 денари
Одговор: Не е точно, ви доставуваме доказ дека со програмата е утврдено 2.500.000,00 денари
Страна 22

Страна 23, после црта 3 - во врска со преминот на спортскиот клуб во акционерско друштво "КК Карпош Соколи" со акт за пререгистрација од спортско во акционерско друштво согласно закон требало да се изврши најдоцна до 31.07.2012
Одговор: Кошаркарската Федерација (Здружение на Прволигаши) има одлука со која обврска за пререгистрација во акционерско друштво имаат само клубовите кои се пласираат во првенството во Плеј Оф, односно кои играат во Супер лигата. Немаат обврска за ваква пререгистрација клубовите кои играат во Плеј Аут. Карпош Соколи за прв пат во плеј оф игра дури во 2014 година и тогаш е извршена пререгистрацијата, а во 2012 година игра во Втората Македонска Лига и клубовите од Втората Македонска Лига немаат обврска да се пререгистрираат во акционерско друштво. Ниту еден клуб во Втората Македонска Лига и оние кои играат во Плеј аут и денес не се пререгистрирани во акционерско друштво.
Тврдите дека финансиски извештај има само за 2015 година, но немало извештај за 2016 и 2017 година.
Тоа не е точно, финансиски извештај има за потрошените пари на Карпош Соколи за 2015, 2016 и 2017 година - прилог извештаи.
Страна 28 црта 2 - Во Август 2012 е склучен договор за демонтажа и дислокација и изведба на 4та и 5та во рамките на ОУ Лазо Трпоски. Со договорт е предвидено изведувачот да ги изврши работите во рок од 45 дена. Договорот е еднострано раскинат на 18 Септември 2012 година иако не биле поминати 45 дена од денот во воведување на работа на економскиот оператор.
Одговор: Договорот е раскинат предвремено затоа што се утврди од надлежен орган (надзор) дека економскиот оператор не може да ја изврши работата. Бараките не можеше да бидат пренесени затоа што економскиот оператор демонтажата ја вршеше со булдожери, а не рачно и притоа најголем дел од материјалот беше уништен. За ова е поведен судски спор за надомест на штета од економскиот оператор.
Тврдите дека нема одлука за изградба на бараките, но имаме за дислокација на бараките и точно е наведена каде треба да бидат дислоцирани - ОУ Лазо Трпоски.
**Двете бараки се изградени токму во ОУ Лазо Трпоски како што одлучил советот на Општина Карпош.**
Страна 30 во првиот пасус пишувате дека не сте уверени дека не постојат и други нереализирани цесии со што двојно платениот износ за една обврска може да се зголеми.
Одговор: Ова не е точно, Општина Карпош нема потпишани цесии кои не се евидентирани и за нив да не се знае.
Страна 36 во делот на препорака - пишувате органите на Општина Карпош да го преиспитаат финансирањето на реконструкција на станбени објекти од буџетот на општината во кој влегува изработка на нова фасада, замена на кров и лифт од причини што ваквите активности не се во надлежност на општината и влијаат за дополнително оптеретување за буџетот на општината
Одговор: Одржувањето на хигиената во општината, косењето трева, сечење и кастрење на дрва, плаќање на сметки за електрична енергија, вода и парно греење на улилиштата од буџетот на Општина Карпош надвор од предвидените блок дотации од Министерството за Образование исто така не е надлежност на општината.

Не е надлежност на општината да дава стипендии на спортисти и ученици, да помага пензионерски здруженија, да дава бесплатни ужинки и бесплатни екскурзии на ученици, но за овие работи немате забелешка.
**Смислата за постоење на локалната самоуправа и советот е да обезбеди подобар живот, благосостојба и задоволство на граѓаните од работата на локалната самоуправа. Тоа е главната причина зошто постои локалната самоуправа. Да корегира и работи работи и превзема иницијативи и активности кои не ги работи или не сака централната власт.**
Страна 44 зборувате за одобрениот кредит од страна на Владата на РМ. Ваша забелешка дека кредитот е искористен за плаќањ на веќе достасани обврски.
Одговор: Во согласноста од владата стои дека кредитот е одобрен за проекти, но не дали за проекти кои се веќе направени или за идни проекти. Кредитот е целесно искористен за проекти кои веќе биле направени како и за неплатени сметки за парно греење на училиштата во Карпош, а за кои МО преку блок трансакциите не обезбедило средства што е со закон обврзано.
Да потсетиме, локалната согласно законот има обврска да управува со училиштата, а трошоците за функционирање тековно и инвестиционо одржување согласно законот преку блок трансакциите се обврска на централниот, а не на локалниот буџет.
Страна 45 - јавни набавки, точка 4.3.6 црта 3 - Спроведени се неколку одделни постапки за јавни набавки со различен предмет на набавки на работи за една иста улица. Натаму пишувате дека општината врши делење на јавните набавки на повеќе посебни договори со пониска вредност што не е согласно член 27 од ЗЈН. Наведувате примери за делење на јавните набавки за општинската зграда како и на улиците Јури Гагарин, Миле Поп Јорданов, Партизански Одреди, Желево за изработка на фасади.
Одговор: Во општинската зграда распишан е посебен тендер за изградба на карабина, која е над 1 милион евра. Распишан е тендер за фасада, прозори и кров кој е неколку стотини илјади евра. Распишан е тендер за греење кој исто така чини неколку стотини илјади евра.
Доколку општината само еден тендер по системот клуч на рака би се јавиле само големи економски оператори, а во РМ има многу малку и во таков случај цената е драстично повисока. Впрочем, вака голема инвестиција може да издржат само големи фирми при јавната набавка за изградба на карабината се јавија и неколку моќни оператори меѓу кои ГП Гранит и Бетон. Нивната понудена цена беше скоро двојно поголема од економскиот оператор кој ја доби работата.
Спротивно на закон ако една иста работа се дели на повеќе делови. Општина Карпош нема таква работа направено и на ваквиот начин е овозможено на тендерот да се јават и економски не толку моќни оператори со што се зголемува конкуренцијата и се намалува цената што е во интерес на заштеда на буџетот на општината.
Истото го наведувате за фасадите. На улица Јури Гагарин сме изработиле 14 фасади со вредност од преку 1 милион евра. Поставувам прашање, колку економски оператори во Македонија можат да издржат да финасираат работа од над милион евра? Со тоа што за секоја зграда сме објавувале посебен тендер, така можеле да се јават и економски помали оператори, имало повеќе учесници на

тендерот и се постигнала најниска можна цена, што е во интерес на намалување на трошоци на буџетот на Општина Карпош.
Страна 51, пасус бр.2 - зборувате за финансиска нестабилност настапува кога сметката на општината е блокирана подолго од 6 месеци или вкупниот износ на неподмирени обврски над 60 дена да надминува 80% од реализираните приходи на основниот буџет на општината во претходната година.
Одговор: Обврските над 60 дена не надминуваат 80% од приходите на општината во претходната година.
Општина Карпош никогаш не била блокирана 6 месеци.

**Одговор на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 09.03.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Карпош, за сметка на основен буџет (630) и сметка на основен буџет (637), од Стевчо Јакимовски, поранешен градоначалник во својство на одговорно лице за годината - предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија, под број 12-30/6 од 13.03.2018 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор при што е констатирано следното:

Сметка на основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.4.,** која се однесува на водењето на регистар за недвижен имот и регистар за подвижен имот кои согласно законот подлежат на оданочување, а кои во име на општините на територијата на град Скопје, се водат во градот Скопје, како и активностите кои се преземаат околу ажурирање и усогласување на податоците на даночните обврзници и имотот во базата на податоци од страна на општина Карпош, **делумно се прифаќа**, со тоа што се врши корекција – бришење на дел од текстот во наодот при што соодветно се коригира препораката за овој наод, во Конечниот извештај.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1.,** која се однесува на неизвршен целосен и квалитетен попис на побарувањата и обврските, со состојба на 31.12.2016 година, **не се прифаќаат**, од причина што не се доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот.

Сметка на основен буџет (637)

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1, став 1 алинеја 2,** која се однесува на недонесена измена на член 5 од Одлуката за изградба на административниот објект, од страна на Советот на општината, а во врска со направената измена на основниот проект за кој е склучен анекс договор со економскиот оператор, **не се прифаќа**, од причина што не е доставен доказ за промена на констатацијата во наодот.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1, став 2 алинеја 1,** која се однесува на промената – намалувањето на количините во техничката спецификација во прилог на договорот за изградба на административниот објект, во однос на количините предвидени со основниот проект, **не се прифаќа**, од причина што од страна на субјектот не е даден на увид изменетиот проект за градба на објектот, за да можат ваквите промени да се потврдат.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1, став 2 алинеја 3,** која се однесува на подмирување на обврски кон економски оператор, чиј рок за плаќање е до 36 месеци, со потпишување на договори за цесии кои во најголем дел се платени пред да достаса рокот, наспроти доспеани обврски кои се плаќаат ненавремено и за кои субјектот влегува во спор и плаќа дополнително камати и други трошоци, **не се прифаќа**, од причина што не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспори констатацијата во наодот.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1, став 2 алинеја 4,** која се однесува на изградбата на административниот објект која не е предвидена како развојна програма, иако градбата е повеќегодишна односно средствата за изградба на овој објект се предвидуваат во годишните програми за уредување на градежното земјиште – Ф2, наместо во програмата ЕА – капитални расходи на општината, **не се прифаќа**, од причина што не е доставен дополнителен доказ за промена на констатацијата во наодот, а согласно Законот за буџетите, за градби кои траат подолг временски период (над една година), се планираат средства во развојни програми и во ставката за капитални расходи.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1, став 2 алинеја 6,** која се однесува на воспоставено заложно право на административниот објект (општинска зграда) кој не е деловен објект и е спротивно на член 18-а од Законот за финансирање на ЕЛС, од страна на деловна банка за обезбедување на договорот за одобрување на долгорочен кредит**, не се прифаќа**, од причина што согласно член 21 и 22 од ЗЛС, општините ги уредуваат и вршат работите од јавен интерес, кои се во нивна надлежност согласно законот, и во самата општинска зграда.

8. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.2, алинеја 4,** која се однесува на неувереност на ревизијата дека Советот на Општина Карпош има донесено Одлука за намалување на површината на земјиштето, за кое што подоцна е спроведена постапка за отуѓување на приватно средно училиште, **не се прифаќа**, од причина што не е доставен дополнителен доказ за промена на наодот, а согласно член 36 т. 10 од ЗЛС, Советот на Општината одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината.

9. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.3, алинеја 1,** која се однесува на исплатени средства за закуп на деловен простор – магацин, во 2016 година во износ од 1.554 илјади денари, наместо 247 илјади денари односно потрошени се средства во поголем износ за 1.307 илјади денари, **не се прифаќа**, од причина што во забелешките не се доставени дополнителни документи за потврда за настаната печатна грешка, односно не е доставен записник од комисија за утврдена фактичка состојба за површината што се користи и извршена промена на текстот во анекс договорите, склучени во 2015 и 2016 година.

10. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.3, алинеја 5,** која се однесува на исплатени средства на адвокатско друштво, по фактури од 2014, 2015 и две фактури од 2016 година, без прилог на пропратна документација за извршените услуги, **не се прифаќа**, од причина што не се доставени докази за промена на констатацијата во наодот односно не се доставени извештаи од страна на адвокатот со список на судски предмети, во кои истиот се јавува во својство на застапник на општината.

11. Забелешките на констатираните состојби во **точката 4.1.4, алинеја 7 и 8,** која се однесува на неисправна електронска евиденција на полното работно време вработените во подолг временски период и несоодветни евидентни листи за присуство на вработените, како и непреземени мерки и активности за вработување на неопределено време на работници согласно законските прописи, **не се прифаќаат**, поради недоставени дополнителни докази кои ќе влијаат на промена на констатациите во наодот.

12. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.5, алинеја 3,** која се однесува на извршена исплата на средства на едукативен центар, по решение за реализација на проект кој е предвиден во Програмата за активности од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2015 година, меѓутоа истиот не е реализиран, **не се прифаќа**, поради тоа што исплатата на средства се однесува на проектот кој не е реализиран, што може да се види од самиот извод, а паричните средства не се вратени на општината, и покрај доставеното писмено известување од здружението дека проектот нема да се реализира.

13. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.5, алинеја 6,** која се однесува на исплатени средства по договор во износ од 2.500 илјади денари за реализација на Културно лето – Карпош 2016, иако со програмата се предвидени средства во износ од 1.500 илјади денари, односно повеќе исплатено за 1.000 илјади денари, **се прифаќа**, поради дополнително доставен

документ во забелешките, кој се однесува на измена и дополнување на Програмата, бр. 09-6627/3 од 29.07.2016 година, во која се зголемуваат предвидените средства за реализација на Културно лето – Карпош 2016, од 1.500 илјади денари на 2.500 илјади денари, со што нема пречекорување на средствата. Согласно наведеното, во Конечниот извештај извршена е соодветна корекција на констатациите во точката 4.1.5, со бришење на текстот во алинеја 6.

14. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.7,** која се однесува на преминот на спортскиот клуб во акционерско друштво, во текот на 2015 година, при што Карпош Соколи е спортски клуб за кошарка и рокот до кој важела пререгистрацијата на постојните спортски клубови за кошарка во акционерско друштво, согласно законот, е најдоцна до 31 јули 2012 година, **не се прифаќа**, од причина што во забелешките е наведена одлука од Кошаркарска Федерација (здружение на прволигаши) за пререгистрација на клубовите во акционерско друштво кои се пласираат во Плеј оф, односно кои играат во Супер лигата, која не е доставена на увид, а доколку има, истата не е во согласност со законот, во кој е утврден рок до 31 јули 2012 година.

15. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.3, алинеја 2,** која се однесува на склучениот договор, во август 2012 година, со економскиот оператор за демонтажа, дислокација и изведба на четврта и петта барака во рамките на дворното место ОУ Лазо Трповски, кој што е еднострано раскинат договорот, на 18 септември 2012 година, со писмен допис, иако не биле поминати 45 дена од денот на воведување во работа, како и поради уништување на бараките при нивно демонтирање, **не се прифаќа**, од причина што во забелешките е дадено само појаснување, а не се доставени дополнителни докази за промена на состојбата во наодот.

16. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.3, алинеја 6,** која се однесува на неувереност на ревизијата за постоење на Одлука од страна на Советот, за изградбата на бараките во кои е сместена општинската администрација, иако истото е во надлежност на Советот дефинирано во став 1 т. 10 од член 36 од ЗЛС, **не се прифаќа**, од причина што во забелешките не е доставена одлука од Совет на општина Карпош за изградба на нов објект со намена за општината.

17. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.3, алинеја 8,** која се однесува на потпишаните договори за цесии, вкупно 16 (шеснаесет), со економски оператор, во период од 2012 до 2015 година, кои не се евидентираат во сметководствената евиденција, ниту во моментот на потпишување, ниту во

моментот на плаќање, поради што ревизијата не е уверена дека не постојат и други нереализирани цесии со што дупло платениот износ за една иста обврска може да се зголеми, **не се прифаќа**, од причина што не се доставени дополнителни докази за промена на констатацијата во наодот.

18. Забелешката на дадената **препорака** во **точка 4.3.2,** која се однесува на тоа дека органите на Општина Карпош, треба да го преиспитаат финансирањето на реконструкцијата на станбените објекти од буџетот на општината, во кои влегува изработка на нова фасада, замена на кров или лифт, од причина што ваквите активности не се во надлежност на општината и влијаат на дополнително оптеретување на буџетот на општината, **не се прифаќа**, поради тоа што во забелешките не е дадено соодветно образложение и причина од страна на општината, за промена на препораката од овластениот државен ревизор.

19. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.5,** која се однесува на одобрен кредит, по кој се добиени средства во 2015 година, кои се целосно искористени за плаќање на заостанати неизмирени обврски од минати години (2011, 2012,...), што не е во согласност со Законот за финансирање на ЕЛС, според кој средствата обезбедени со долгорочно задолжување се користат за намената за која се одобрени, **не се прифаќа**, од причина што во забелешките не е доставена дополнителна документација за промена на констатацијата во наодот. Имено, како што е наведено во извештајот, кредитот е одобрен во декември 2014 година, на барање на општината, со намена за финансирање на Проект, а не за плаќање на заостанати неизмирени обврски од минати години.

20. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.6, алинеја 3,** која се однесува на спроведени неколку одделни постапки за јавна набавка со различен предмет на набавка на работи за една иста улица, така што најкарактеристични се улица Јуриј Гагарин, за која се спроведени 14 постапки за јавни набавки на работи, улица Миле Поп Јорданов - 7 постапки за јавна набавка на работи, улица Вич - 3 постапки за јавни набавки на работи, и сл., поради што се врши делење на договорите за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност, што не е во согласност со Законот за јавни набавки, **не се прифаќаат**, од причина што во забелешките се дадени образложенија кои не влијаат на промена на констатацијата во наодот.

21. Забелешката за состојбата со финансиската задолженост на Општина Карпош, во делот за „Нагласувања на прашањата за неизвесност и континуитет" во **точката 6.1.,** која се однесува на необезбедување на доволно средства во буџетот на Општина Карпош, за измирување на преземени достасани обврски

во подолг временски период, како и на постоењето на потенцијални дополнителни обврски по судски предмети, во која општината е тужена страна, **не се прифаќа,** од причина што поради ваквите состојби, изнесени во извештајот, ревизијата укажува на можна евентуална финансиска нестабилност на општината во наредниот период, за која согласно законот, ќе биде потребно да се преземат соодветни мерки од страна на градоначалникот, Советот на општината, и надлежните институции во државата (МФ, МЛС, ЗЕЛС),